РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1235

Скопје, 1 април 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1235 ОД 1.4.2021 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Марија Манева, Сашо Костадиновски, Симона Миладиноска**)........................................................6

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Андријана Ристовска**)........................................................................................................7

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи** од **м-р Инци Селим**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје............................................8-14

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Анамарија Јанкуловска, Жарко Спасовски, Марјан Бошев, Љубица Миќуновиќ**).....................15
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Софија Лолеска, Сања Саздовска**)...........................................................................................................16

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Donatio во римското право и во современото македонско и албанско право** од **м-р Нуртен Кала Даути**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.................................................17-19

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Елена Колевска, Димитар Угриновски, Кристина Јаковлева, Хајал Ајдарче Сејфула, Марија Костадиновска**)......................................................................................................20
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Харијете Идризи**).........................................................................................................................21

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област анатомија на животни на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**вонр. проф. д-р Лазо Пендовски**)..........................................................................22-41

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
1. Реферат за избор на еден наставник во звање – вонреден професор во наставно-научната област драматургија (по предметот **Историја на светска драма и театар**) на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**д-р Деспина Ангеловска**)...............42-65

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Развој на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плац** од **м-р Билјана Читкушева Димитровска**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје........................................................................................................................66-73
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Димитар Димитров, Теодора Танова, Ана Данчевска, Александра Царцанидис, Иван Андонов, Игор Марковски, Виктор Србиноски**)............................................................................74-75

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Драгица Божиновска**).....................................................................................................................76

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по областите: музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**вонр. проф. д-р Трена Јорданоска**)……77-94

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Огнен Поцков**)……95
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ивана Лозаноска, Мемиши Игбал, Емира Хоџа, Линдита Бакиу**)……96
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Лени Фрчкоска**)……97

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта** од **м-р Пакизе Билали**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје……98-103

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

1. Реферат за избор на научен советник/редовен професор од областа македонска ономастика во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (**в. н. сор. д-р Мери Јосифовска**)……104-110
2. Реферат за избор на научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (**в. н. сор. д-р Весна Костовска**)……111-116
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Кристина Тодоровска**)……117

# П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје - 502. СЕДНИЦА НА ННС ОД 03.03.2021

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Марија Манева, дипл. инж. геолог | “Геотехничко моделирање на наоѓалишта на јаглен со примена на современи компјутерски техники” | “GEOTECHNICAL MODELING OF COAL DEPOSITS BY APPLICATION OF CONTEMPORARY COMPUTER TECHNIQUES “ | проф. д-р Игор Пешевски, Градежен факултет | 10.03.2021 0202/135-25 |
| 2 | Сашо Костадиновски, дипл. град. инж. | “Методологија за управување со железнички проекти” | “Railway project management methodology“ | проф. д-р Златко Зафировски, Градежен факултет | 10.03.2021 0202/135-26 |
| 3 | Симона Миладиноска, дипл. геод. инж. | “Анализа на податоци за изработка на гравиметриска карта” | “Analy sis of data for making a gravimetri c map“. | доц. д-р Митре Насевски, Градежен факултет | 10.03.2021 0202/135-27 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Андријана Ристовска** | **,,Влијанието на различните видови организациски промени врз намерата за флуктуација на вработените во Република Северна Македонија и утврдување на улогата на невработеноста како медијатор во овој процес’’** | „The impact of different types of organizational changes on employees turnover intention in the Republic of North Macedonia and determining the mediating role of unemployment in this process“ | **Проф. д-р Љупчо Ефтимов** | 02-373/19 од 09.03.2020 година |

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПЛАТФОРМА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛИ ПРИ ДИЗАЈНИРАЊЕ ЕКОЛОШКИ ПРИФАТЛИВИ ПРОИЗВОДИ“ ОД М-Р ИНЏИ СЕЛИМ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.2.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Инџи Селим со наслов „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“, во состав: проф. д-р Софија Сидоренко (претседател), проф. д-р Татјана Кандикјан (ментор), проф. д-р Ана Лазаревска (член), проф. д-р Кирил Лисичков (член) и проф. д-р Тони Васиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот Инџи Селим, со наслов „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“, содржи 147 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 11, 131 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и интернет-ресурси. Литературните извори и сопствените истражувања се илустрирани со 27 слики и 19 табели.

Организацијата на темата во шест глави ја отсликува структурата на реализираниот труд. Во Глава 1 се дадени воведот, мотивацијата и целите на истражувањето; во Глава 2 се презентирани претходните сознанија за процесот на дизајнирање и потребите кои ги диктира современиот пристап во развојот на производите; во Глава 3 се презентирани основите на кои се темели истражувањето, како што се информациските платформи за избор на материјали, употребата на еколошки прифатливи и биоразградливи материјали, како и теоријата за одлучување за решавање на конфликтни проблеми; во Глава 4 се презентирани истражувањата спроведени од кандидатот м-р Инџи Селим на развој на нов пристап за избор на материјали во процесот на дизајнирање кој е воден од карактеристиките на производот; во Глава 5 е претставена креираната информациска платформа за избор материјали, која овозможува повеќестепено мапирање на атрибутите на производот кон атрибутите на различни материјали, со цел да се одберат соодветни еколошки прифатливи материјали; и конечно, во Глава 6 се дадени заклучоците и препораките за идни истражувања.

Во **Глава 1**, кандидатот во воведот на истражувањето ја објаснува сложеноста на дизајнирањето на производи кои ќе ги задоволат потребите на потрошувачот и на производителот, а истовремено ќе бидат еколошки прифатливи. Дизајнерите вообичаено ги бираат материјалите според потребните својства, но секојдневно се нудат нови (паметни, еколошки итн.) материјали на пазарот. Установено е дека има потреба од едукативен пакет, односно информациска платформа за нови материјали (ИПМ) со која би се симулирало човековото одлучување според фазите на процесот на дизајнирање. Претставени се неколку постоечки едукативни пакети за материјали како: CES (Cambridge Engineering Selector), Material District, Material Connexion, и други кои овозможуваат избор на материајли преку споредување на дизајнерски и еколошки атрибути на материјалите, покрај техничките податоци.

Во овој докторски труд, цел е да се истражи можноста за воведување на поинаков пристап при избор на соодветен материјал, кој е поблизок на реалниот процес на одлучување при дизајнирањето на производ. Суштината на овој пристап е во примената на дизајн воден од карактеристиките на производот (ДВКП) (анг. Product Driven Design – PDD). На овој начин, дизајнерот ќе има можност да го доживее процесот на избор на соодветните материјали како пореален, посигурен и оптимален во однос на неговото времетраење. Конкретно, класификацијата на материјалите според критериумите поставени за производите, треба да понуди алтернативи на соодветни еколошки прифатливи материјали, поради што е потребно да

се поставаат основите за развивање на нов концепт на информациска платформа за материјали. Планираните активности во текот на истражувањето се претставени со блок дијаграм. Издвоени се две главни фази: одредување на класи на производи кои не се опфатени со постојните програми за рециклирање и атрибутите на материјалите кај нив, одредување на критериумите за пресликување помеѓу атрибутите на производите и атрибутите материјалите и формирање на библиотека на биоразградливи и други еколошки прифатливи материјали.

Во **Глава 2** е даден преглед на поновите сознанија во светот сврзани за процесот на дизајнирање, улогата на новите технологии за матерјалите и технолошките процеси, како и промените во начинот на конципирањето на производите. Со особено внимание се претставени истражувањата во областа на дизајнот за извонредност, од каде произлегуваат низа на критериуми за квалитет на производите при нивното дизајнирање, како: перформанси, одлики, надежност, издржливост, естетика, перцепиран квалитет, безбедност, погодност за производство, прифатливост за животната средина, употребливост и др. Овие критериуми може да имаат различна важност за потрошувачот, дизајнерот и производителот.

Во **Глава 3** се претставени елементите на контекстот на истражувањето, а тоа се: претставувањето на карактеристиките на еколошки прифатливите материјали преку атрибути, карактеристиките на новите биоразградливи материјали, како и можностите за примената на информациски алатки за пребарување на материјали.

Во оваа глава е даден осврт кон стратегијата за дизајн за животната средина, според која материјалите се класифицираат според еколошките потреби во животниот циклус на производот. Претставен е и пример за дефинирање на еколошките атрибути на материјалите, истражувани преку утврдување на трошоците за енергија и емисиите при нивното производство, преработка, дистрибуцијата и отстранување на производите.

Доменот на ова истражување се, пред сѐ, еколошките атрибути на материјалите, со акцент на индустриски применливите биоразградливи материјали. Еколошките атрибути на материјалите може да се категоризираат според влијанието на материјалот врз животната средина во различните фази од животниот цилус на производ. Овие атрибути може да придонесат при одлучувањето за избор на соодветен материјал при дизајнирање на еколошки прифатлив производ, што е илустрирано преку пример на еколошки полимер.

Посебно се разгледани биоразградливите материјали кои нашле примена во индустриски производи. Притоа се претставени процесите на разградување опфатени со меѓународните стандарди. Заради лимитираната присутност на биоразградливи материјали на пазарот, како и класификацијата на овие материјали во иновативни, истражувањето е спроведено електронски преку онлајн платформи и директна/онлајн комуникација со повеќе производители. Податоците за производителите, производите и користените/истражуваните биоразградливи материјали се организирани во табели.

Како примери за подетална анализа, предложени се неколку производи кои вообичаено не се рециклираат, како што се чаша за една употреба, туба за кармин, медицинска маска за лице, за кои една од можностите за зголемување на нивната еколошка прифатливост е примената на биоразградливи материјали.

Претставена е и улогата на информациските платформи, улогата на машинското учење, како и карактеристиките на различни видови платформи со кои се овозможува акумулирање на информации, како и профилирање и класификација на податоците за подобар пристап до нив. Како методологија за донесување на одлуки во врска со најсоодветен материјал според барањата на производителот, потрошувачите и дизајнерите, разгледана е теоријата за одлучување при решавање на конфликтни проблеми. Одлучувањето е базирано на усогласување на барањата дефинирани преку повеќе атрибути и релевантните критериуми за атрибутите.

Во **Глава 4** е претставена методата на дизајн воден од карактеристиките на производот, којашто претставува нов сопствен пристап кон избор на еколошки прифатливи материјали во раните фази на процесот на дизајнирање. Во оваа метода, најпрво се одредуваат критериумите за производите, а потоа се пребаруваат соодветните еколошки материјали, односно се воведува обратен тек на процесот на избор.

Методот се одвива во пет фази. Во *првата фаза* се препознаваат основните атрибути на производ и според нивната распределба во критериумите за квалитет, тие се одредуваат како неменливи и менливи атрибути според потребните карактеристики на производот. Критериумите за квалитет и нивната класификација произлегуваат од пристапите на дизајн за:

производство, монтажа, животна средина, безбедност, перформанси, економска исплатливост, надежност, ергономија и естетски карактеристики. За секој пример на анализиран производ изработени се детални тебели, со цел да може да се примени теоријата на одлучување за решавање на конфликтни проблеми која се базира на усогласување на барањата дефинирани од повеќе атрибути. Атрибутите кои се од интерес на потрошувачот, дизајнерот и производителот се одредуваат како неменливи критериуми, додека оние атрибути кои не припаѓаат во заедничкото множество на трите групи, се именувани како менливи. При пресликување на секој критериум за квалитет внимавано е на потребите и карактеристиките за претставување на биоразградливите материјали.

Во *втората фаза* се врши пресликување на одредените неменливи и менливи атрибути на производите од првата фаза, во неменливи и менливи атрибути кај материјалите. Употребен е асоцијативен концептот на опишување, при што се користени сознанија од онлајн платформите кои се занимаваат со препознавање на атрибутите кај материјалите според потребите во дизајнот. Препознаените неменливи и менливи критериуми за одредени производи, кои се пресликуваат во критериуми за материјали, како и постапката на пресликувањето, се презентирани во табели.

Во *третата фаза,* од методата дизајн воден од карактеристиките на производот, објаснета е процедурата за развој на табела за критериуми за материјалите. Со оглед на тоа што поради поинаквиот пристап при развој на производите, инженерските толкувања при рангирање на атрибутите кај материјалите (претежно со кавантитативни вредности) се разликуваат од дизајнерските (претежно со квалитативни вредности), извршено е дополнително квалитативно рангирање на атрибутите на биоразградливите материјали. Овој дел од истражувањето се фокусира и кон соодветно пресликување на квантитативни критериуми за материјалите во квалитативни.

Контактирани се 25 компании кои произведуваат биоразградливи материјали, преку електронска пошта. Во првата етапа, 11 овластени лица од производителите дале краток опис на наведени неменливи и менливи критериуми за нивните биоразградливи материјали. Овие одговори се споредени со толкувања од литературата и информациите превземени од соодветни онлајн платформи.

При пресликување на неменливите и менливите критериуми од производи кон материјали, пребарани се најсоодветните термини за опис на индикаторите според литературата и начинот на изразување од страна на производителите/дизајнерите на материјалите. Резултатите за обработените индикатори потребни за неменливите критериуми на материјалите кои се предводени од одредените производи се распределени како квалитативни вредности. Резултатите за индикаторите потребни за менливите критериуми се изразуваат на неколку начини: асоцијација со веќе познати материјали, асоцијација со физички својства, својства на разградување, асоцијација со перцепирани својства преку нашите сетила и други вообичаени искуствени категоризации.

Во *четвртата фаза* се пополнува библиотеката според здобиените сознанија за претходно одредените биоразградливи материјали. Повторно се контактирани производителите на биоразградливи материјали со цел да се одредат и дополнат индикаторите за рангирање на материјалите. Кај неменливите критериуми, побарано е од овластените лица за одредени производи да ги потврдат одредените индикатори според особините на нивниот материјал. Од друга старана, кај менливите критериуми побарано е од овластените лица да ги обележат најсоодветните начини на рангирање за нивните материјали кај одредените производи, како и да се одреди најсоодветната терминологија (со дополнителни информации) заради јасност. Добиените податоци од производителите и осознаените информации од литература, каталози и онлајн платформи за биоразградливи материјали, се обработени и презентирани во табели.

Во *петтата фаза* е разработена процедурата за начинот на добивање повратни информации од потрошувачот, дизајнерот и производителот. Овој дел, всушност, го објаснува начинот на распределба на вредностите кои се употребени во рангирањето на менливите критериуми и се прилагодени според потребите на информациската платформа за материјали (ИПМ), креирана во овој труд. Редоследот при распределувањето на вредностите кај менливите критериуми, би овозможил полесна комуникација при вреднување на истите од страна на потрошувачот, дизајнерот и производителот. При оформување на концептот на ИПМ, главниот фокус е насочен кон корисникот, односно првенствено кон дизајнерот. Според добиените сознанија во литературата во врска со „мерење и пресликување“ на атрибутите при развој на

платформи, применети се четири типа на мерења при рангирање на атрибути: номинални, ординални, интервални и пропорционални.

Во **Глава 5** е претставен софтверски прототип за демонстрација на информациската платформа за материјали (ИПМ), како алатка која нуди соодветни материјали според карактеристиките на одреден производ и преференциите на дизајнерот. При развојот на оваа алатка се искористени примерите од претходните поглавја со цел да се симулира постапката за употреба на ИПМ. Главна цел е да се испита погодноста на предложениот метод за дизајн воден од карактеристиките на производот при изборот на еколошки прифатливи материјали. Алатката е развиена во соработка со професионален софтверски инженер, што ја прави современа и надградлива. Во оваа глава се презентирани и подетални информации за градбата на оваа информациска платформа, односно класите за претставување на материјалите, производите, атрибутите, како и методите и релациите за нивна манипулација. Презентирани се и примероци на објекти изведени од наведените класи, како и имплементираните методи за пребарување и меѓусебно пресликување на рангирањата на атрибутите.

На почетокот на процесот на пребарување се одбира вид на производ од мени, и се внесуваат влезни информации за менливите критериуми за тој производ од страна на дизајнер-корисник. Неменливите критеруми за одбран производ и нивните индикатори кои се внесени претходно, само се превземаат и прикажуваат, со што корисникот се растеретува од повторување на влезни информации. Менливите критериуми се внесуваат, се рангираат и се филтрираат. Со пресликување на рангираните атрибути од производите врз атрибутите на претходно внесените материјали во базата, се врши избор на материјали. Доколку е пронејдено пресликување за секој критериум, материјалот се прикажува во листата на одбрани материјали заедно со оцена на совпаѓањето. Материјалите со повисок процент на совпаѓање се смета дека подобро ги исполнуваат својствата побарани од страна на дизајнерот. Секој од одбраните материјали може да се прикаже подетално за да се согледа степенот на совпаѓање според различни видови на критериуми: општи, технички, естетски, еколошки и корисничкото искуство.

Во **Глава 6** се дадени заклучоците и препораките за идни истражувања. Како предизвик се лоцирани деловите од трудот каде што е потребна интердисциплинарност, односно прибирањето на информациите за биоразградливи материјали и изработката на софтвер за демонстрација на предложениот метод. Поради тоа што голем дел од биоразградливите материјали се нови, или се во фаза на развој и испитување, добар дел од анкетираните производители не споделија подетални информации за својствата на нивните материјали, така што во истражувањето се земени предвид само оние метеријали за кои се добиени конкретни одговори од страна на производителите или за кои постојат податоци во литературата. Се очекува дека интересот за примена на биоразградливите материјали во дизајнот на производите ќе биде во пораст. Што се однесува до развојот на софтверскиот прототип, беше потребно да се вложи напор за да се формализира на соодветно ниво на апстракција и да се алгоритмизира начинот на размислување и комуникација близок на дизајнерите, во логички софтверски процедури за претставување на податоци и одлучувањето според повеќе критериуми. Меѓутоа, токму ваквата индердисциплинарна соработка придонесе кон подобро разбирање на можностите за интеграцијата на индустрискиот дизајн со дигиталната технологија и истата претставува предизвик за понатамошни истражувања.

Препознаената аналогија за поинформиран избор на материјал според искуството со претходно познат производ, во овој труд е преточена во нова метода наречена „дизајн воден од карактеристиките на производот (ДВКП)“. Потребни се понатамошни иатражувања за согледување на придобивките од ваквата „обратна насока“ во пристапот во изборот на материјалите според карактеристиките диктирани од производот, во процесот на дизајнирање. При развојот на оваа метода, како интересен предизвик се појави начинот на воспоставување на усогласена терминологија при опис на критериумите, индикаторите и рангирањата кај новите еколошки материјали. Оваа терминологија може и понатаму да се збогатува заради воспоставување на подобра комуникација со дизајнерите, како и заради постојано усогласување со начинот на употреба на термините во литературата и кај онлајн платформите наменети за дизајнери. Заради информативниот пристап за претставување на различните критериуми, ДВКП-методата има можност да се употребува и како едукативна алатка.

**Предмет на истражување**

Во докторската теза се истражува и се развива нов концепт на информациска платформа за избор на еколошки прифатливи материјали (ИПМ). Истражувани се повеќе аспекти потребни за развој на ИПМ, според методот наречен дизајн воден од карактеристиките на производот (ДВКП), и притоа се опфатени: 1) процесот на дизајнирање кој има за цел да се подобри еколошката прифатливост на производите, 2) информациските платформи за избор на материјали наменети за дизајнери, 3) еколошки прифатливи материјали (ЕПМ) и 4) теорија на одлучување за решавање на конфликтни проблеми. Домен на истражувањето се производите кои не се опфатени со тековните системи за поврат и рециклирање, а и не се разградуваат, така што за нив е потребно да се изнајдат решенија по пат на користење на еколошки поприфатливи материјали, на пример, биоразградливи материјали.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Процесот на селекција на соодветни материјали во процесот на дизајнирање треба да биде приспособен според барањата на производителите и потребите на потрошувачите, каде што дизајнерот ја носи одлуката според атрибутите на материјалите кои понатаму ги класифицира по одредени критериуми. Секојдневно се појавуваат нови материјали, и еколошки поприфатливи материјали, така што овој процес постојано се усложнува.

Со цел да се олесни процесот на одлучување при изборот на материјалите, по последните десетина години се вршат истражувања и се развиваат неколку сотверски платформи од страна на угледни научни институции, кои имаат за цел да да се овозможи побрз и поинформиран избор на материјалите преку пребарување на клучни зборови за опишување на нивните атрибути, а не преку квантитативни податоци. Ова е од особена важност поради тоа што комерцијалните бази на податоци за материјали често се концентрираат на техничките карактеристики на материјалите, притоа занемарувајќи ги еколошките, естетските и други критериуми важни за избор на материјалите.

Во повеќе научни трудови се истражуваат нови пристапи за избор на материјалите во поцесот на дизајнирање, од кои може да се согледа потребата за усогласување на критериумите кои произлегуваат од потребите на производот, производителот и дизајнерот. Вака поставениот проблем припаѓа на класата на проблеми каде што се одлучува според повеќе атрибути, како што е наведено во трудовите на повеќе автори.

Новите платформи за избор на материјали се наменети за дизајнерите и за едукација, што налага потреба од полесна разбирливост, и затоа ги прикажуваат традиционалните и современите материјали заедно со нивните основни, технички, естетски, еколошки и други атрибути. Овие платформи за материјали, иако сè уште се развиваат, сè повеќе се применуваат во практиката. На овој начин, дизајнерот има можност да го доживее процесот на избор на соодветен материјал како пореален, посигурен и оптимален во однос на неговото времетраење.

**Краток опис на применетите методи**

Во насока на реализација на оваа докторска теза, се воведува нова методологија која е поблиска на реалниот процес на одлучување при избор на соодветен материјал во процесот на дизајнирање. Методот е наречен дизајн воден од карактеристиките на производот (ДВКП). Методологијата е имплементирана во две основни фази: теоретско истражување и развој на софтверски прототип.

Применетата методологија е детално илустрирана преку примери. За секој од примерите е настојувано да се претстави со многу детали, со цел да се опфатат мноштвото критериуми за производите, како и атрибути на материјалите, со цел да се создадат компетентни алгоритми за нивно класифицирање, пребарување и пресликување. Формализирањето на аналогијата помеѓу различните атрибути кои се бараат кај одредени производи и користените материјали овозможува изборот на материјалите да се извршува на поапстрактно ниво, преку јазик кој е полесно разбирлив за дизајнерите.

Посебен аспект на овој труд е што ДВКП-методологијата е развиена со цел да се овозможи избор на еколошки поприфатливи материјали за нови производи. Со таа цел, прибрани се директно од производителите и од постојните платформи за материјали детални податоци за повеќе индустриски применливи биоразградливи материјали.

За верификација на предложениот метод, развиен е прототип на информациска платформа за демонстрација на процесот на избор на материјали со методот дизајн воден од карактеристиките на производот (ДВКП).

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Истражен е пристап за избор на материјалите во процесот на дизајнирање, онака како што се практикува од страна на дизајнерите, при што е установено дека во голема мера се применува аналогијата со својствата и искуството стекнато од други познати производи со сродни карактеристики. Ова појдовно истражување доведе до потребата за воведување на методот наречен дизајн воден од карактеристиките на производот, при избор на материјалите.

Креирана е методологија и терминологија за претставување на карактеристиките на производите преку основната функција, начинот на производство, монтажата, предвидениот животен век, постапката за поврат/рециклирање и друго, како и атрибутите кои се користат за опишувања на овие карактеристики и индикаторите за нивно рангирање.

Креирана е терминологија за квалитативно опишување и рангирање на карактеристиките на материјалите со помош на атрибути, на база на основни, технички, еколошки и естетски критериуми.

Креирана е методологија за пресликување на менливите и неменливите критериуми за производите кон атрибутите на материјалите, како и потребните индикатори и нивото квалитативно рангирање за избор и оцена на погодноста на материјал.

Креирана е библиотека со критериуми и податоци за биоразградливи материјали според спроведеното истражување на литературата, информациските платформи за материјали и консултација со 11 производители на биоразградливи материјали.

Изработен е прототип на софтвер за демонстрација на информациската платформа за материјали (ИПМ), како алатка која нуди соодветни материјали според карактеристиките на одреден производ и преференциите на дизајнерот.

**ОЦЕНКА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Инци Селим, со наслов „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“ претставува истражување во областа на машинството/21400 општо машинство, проектирање и машински конструкции/ 21424 друго - индустриски дизајн. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ги исполнува целите на истражувањето, односно развој на нова методологија за избор на материјали во процесот на дизајнирање, водена од карактеристиките на производите. Врз база на теоретски, експериментални и искуствени знаења, креирани се постапки за претставување на важните функционални, еколошки и други карактеристики на производите и материјалите преку атрибути, односно на едно поапстрактно ниво и со терминологија разбирлива за дизајнерите. Оваа нова методологија за избор на материјалите е поддржана со развој на прототип на информациска платфотма. Со сето тоа се дава конкретен научен придонес кон унапредувањето на знаењата и практиката за дизајнирање на производите, во насока на нивна подобра еколошка прифатливост и поинформиран избор на нови еколошки и биоразградливи материјали.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Инци Селим, со наслов „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Selim, I., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2020). “Identifying Material Attributes for Designing Biodegradable Products”. New Technologies, Development and Application. Springer. [doi.org/10.1007/978-3-030-18072-0]

[2]. Selim, I., Lazarevska, M, A., Kandikjan, T., Sidorenko, S (2019). "Multi-attribute material information platform." In N.A.G.Z. Börekçi, D. Jones, F. Korkut, D. Özgen Koçyıldırım (Eds.), Proceedings of DRS Learn X Design 2019 Fifth International Conference for Design Education Researchers: Insider Knowledge. [DOI: 10.21606/learnxdesign.2019.17032]

[3]. Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., Mladenovska, D., (2018). “Adaptation of ID thinking process to the demands of biodegradable plastics” poster presentation in Gredit 2018 conference

(pp.161), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia. [http://www.benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf]

[4]. Selim, I., Kandikjan, T., Lazarevska, M, A., (2018). “End-of-life analysis of biodegradable plastics for industrial design purposes” oral presentation in Gredit 2018 conference (pp.59), 22-25 March 2018. Skopje, Macedonia. [http://www.benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf]

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: 1) развој на методологија за дизајн воден од карактеристиките на производот при избор на еколошки прифатливи материјали, со помош на критериумите за производите кои се однесуваат на функцијата, производството, монтажата, предвидениот животен век, постапката за поврат/рециклирање; квалитативно опишување и рангирање на атрибутите и индикаторите за материјалите според технички, еколошки и естетски критериуми; механизмот за пресликување на менливите и неменливите критериуми за производите кон атрибутите на материјалите со цел да се избере и оцени погоднота на поедини материјали за даден производ; 2) креирана е софтверска библиотека на биоразградливи материјали кои имаат индустриски примена; 3) изработен е прототип на информациска платформа за материјали со која се демонстрира методологијата за дизајн воден од карактеристиките на производ.

Подрачјето на примена на истражувањето е во избор на еколошки прифатливи и биоразградливи материјали врз база на автоматизирано усогласување на критериумите диктирани од производот, производителот и дизајнерот. Развиената информациска платформа, освен за избор на материјали од страна на дизајнер, може да се примени во академска средина за едукација и за понатамошни истражувања. При развојот на платформата, критериумите се формализирани на соодветно ниво на апстракција со што е воведен начин на одлучување близок на дизајнерите, преку соодветна процедура за одлучување според повеќе критериуми. Интердисциплинарниот пристап во работата на темата придонесува кон подобро разбирање на можностите за интеграцијата на индустрискиот дизајн со дигиталната технологија и претставува предизвик за понатамошни истражувања.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Инци Селим со наслов „Платформа за идентификација на материјали при дизајнирање еколошки прифатливи производи“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Софија Сидоренко, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Кандикјан , ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ана Лазревска, член, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Лисичков, член, с.р.**
**Проф. д-р Тони Васиќ, член, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Анамарија Јанкуловска | "Валидација на методот на откривање на сентинелен лимфен јазол со радиоколоид обележан со 99mTc кај пациентки со ендометријален карцином" | “Validation of sentinel lymph node detection in patients with endometrial cancer using 99mTc-radiolabeled colloid” | Проф. д-р Даниела Миладинова | 31.03.2021<br>0905 - 1346/14 |
| 2. | Жарко Спасовски | "Предиктори за рано оперативно лекување на тешка форма на воспаление на жолчно ќесе" | „Predictors of early surgical treatment of severe gallbladder inflammation“ | проф. д-р Бети Зафирова-Ивановска | 31.03.2021<br>0905 - 1346/15 |
| 3. | Марјан Бошев | "Асоцираност на генски полиморфизми на матрикс металопротеиназа-1, на матрикс металопротеиназа-9 и на азотен оксид синтетаза-3 со коронарната артериска болест кај помлада популација" | „Asociation of Matrix Metalloproteinase-1, Matrix Metalloproteinase-9 and Nitrogen Oxide Synthase-3 Gene Polymorphisms with Coronary Artery Disease in Younger Population“ | науч. сов. д-р Светлана Станковиќ | 31.03.2021<br>0905 - 1346/16 |
| 4. | Љубица Миќуновиќ | "Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти", | „Comparative effects of epinephrine and dexamethasone as adjuvants in peripheral nerve blocks of upper extremity in pediatric patients“ | Проф. д-р Андријан Карталов | 31.03.2021<br>0905 - 1346/17 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНА ТЕМА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУД**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Софија Лолеска | "Јавно-здравствено значење на мобилната апликација Неуроигра за евалуација на внимание, концентрација и моторика кај деца" | „ Public health significance of the Neurogame mobile application for the evaluation of attention, concentration and motor skills in children “ | Проф. д-р Гордана Ристовска | 31.03.2021 0905-1346/87 |
| 2. | Сања Саздовска | "Евалуација на алгоритамот за скрининг на колоректален карцином во Република Македонија " | „Evaluation of the colorectal cancer screening algorithm in the Republic of Macedonia“ | Проф. д-р Драган Ѓорѓев | 11.04.2013 0905-1705/31 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „DONATIO ВО РИМСКОТО ПРАВО И ВО СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО И АЛБАНСКО ПРАВО“ ОД М-Р НУРТЕН КАЛА ДАУТИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов „Donatio во римското право и во современото македонско и албанско право“ од кандидатот м-р Нуртен Кала Даути, во состав: проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска (ментор), проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Гоце Наумовски, вонр. проф. д-р Сејфула Османи и вонр. проф. д-р Есин Кранли Бајрам, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација „Donatio во римското право и во современото македонско и албанско право“, од кандидатот м-р Нуртен Кала Даути, содржи 227 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, големина на букви 12, со 464 фусноти и 156 библиографски единици, меѓу кои книги, научни и стручни статии, закони и подзаконски акти, пресуди, извори на римското право и интернет-ресурси.

Докторската дисертација се состои од: вовед (praelactio), три дела, заклучок и список на користена литература.

Во првиот дел е истражено donation во римското право, базирајќи се на изворите на правото, пред сѐ на Lex Cincia de donis et muneribus и на Јустинијановата кодификација, но земајќи ги предвид и становиштата на бројни романисти во врска со предметот на истражувањето со завршната констатација дека donation во римското право имал долг и компликуван еволутивен пат, но благодарение на императорите Константин и Јустинијан е создаден римскиот концепт на donatio, кој го започнал својот пат низ историјата сѐ до денес.

Во вториот дел на дисертацијата е истражено donatio во современото македонско право, базирајќи се на изворите на правото, пред сѐ на Законот за облигациони односи, како и на законите од областа на наследното и семејното право, со констатација дека е создадена модерна регулатива која, сепак, во основа се базира на римскиот концепт за donatio. Потребното новелирање на договорот за дар ќе се оствари со донесувањето на новиот македонски Граѓански законик, чие донесување следува во иднина. Ќе се создаде автохтон модерен концепт во современото македонско право, кој, пак, ќе се базира на римскиот концепт за овој правен институт.

Третиот дел на дисертацијата се однесува на donatio во современото албанско право, иако и во овој дел, како и во претходниот, е истражена соодветната правна ретроспектива уште од  ius commune, па сѐ до денес, која се нормира во најновите закони. Измените на современото албанско право кои ќе следуваат се состојат во нормирање на автохтона регулатива, која, сепак, се базира на римскиот концепт на donatio.

Истражувањето на судската практика преку презентирање на повеќе пресуди е посебен белег на оваа докторска дисертација.

Заклучокот изобилува со констатации за влијанието на римскиот концепт donatio во ius commune, првите граѓански законици во континенталното правно семејство, но особено во современото македонско и албанско право. Посебно се значајни предлозите de lege ferenda во современото македонско и албанско право во врска со дарот.

**Предмет на истражување и податоци за состојбата во која е работена дисертацијата**

| 83 | Учество на тридневниот семинар со Џудит Батлер, „The Crisis ofthe Subject: Rethinking/Deconstructing the Notion of Unitary Subject”, организиран од Истражувачкиот центар за родови студии при Институтот “Евро-Балкан”, во Охрид, мај 2000. | 1 |
| 84 | Учество на Европскиот летен универзитет “Почетокот и крајот на настанот”, во организација на мрежата OFFRES и Универзитетот во Клуж, Клуж, Романија, 2000. | 1 |
| Одржување на вежби | | |
| 85 | Историја на македонска драма и театар 2 (0+2) – летен семестар 1996-1997 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 86 | Историја на македонска драма и театар 1 (0+2) – зимски семестар 1997-1998 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 87 | Историја на македонска драма и театар 2 (0+2) – летен семестар 1997-1998 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 88 | Историја на македонска драма и театар 1 (0+2) – зимски семестар 1998-1999 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 89 | Историја на македонска драма и театар 2 (0+2) – летен семестар 1998-1999 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 90 | Историја на светска драма и театар (0+2) – зимски семестар 1999-2000 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 91 | Историја на светска драма и театар (0+2) – летен семестар 1999-2000 – ФДУ – Скопје | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 92 | Компаративна книжевност (0+2) – зимски семестар 1999-2000 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| 93 | Компаративна книжевност (0+2) – летен семестар 1999-2000 – ФДУ – Скопје | 0,9 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд | | |
| 94 | Член на комисија за одбрана на докторска теза на Елизабета Баковска „Сопствена соба, сопствено гето. Женско писмо во современата македонска проза“, Универзитет „Евро-Балкан“ Скопје, 2013 г. | 0,7 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд | | |
| 95 | Член на комисија за одбрана на магистерската теза на Ирена Цветковиќ „Идентитети и заедници во сајбер-просторот“. Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје, 2010 | 0,3 |
| | Вкупно | 117,7 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Коментор на докторски труд | | |
| 1 | Коментор на докторскиот труд на Викторија Боровска : „Влијанието на мајчинството врз идентитетот на жената“, Универзитет Евро Балкан, Скопје | 2,5 |
| Ментор на магистерски труд | | |
| 2 | Ментор на магистерската теза на Дарко Спасов: „Анализа на трансформацијата на наративниот текст во драмски текст преку примерот на драматизацијата на „Кројцеровата соната“ од Леон Толстој“, Универзитет за аудиовизуелни уметности „Есра-Скопје“. | 2 |
| Учесник во национален научен проект | | |
| 3 | 2004 — 2003: учесник во програмата за соработка и истражување во доменот на високото образование „Удвоена другост: Род и фигури на балканизмот во 90-тите“. Во соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Фондацијата „Отворено општество – Македонија“. | 3 |
| 4 | 2004 — 2003: учесник во програмата за соработка и истражување во доменот на средното образование „Развивање на свеста и сензибилизирање кон родовите прашања во рамките на средното образование во Република Македонија“. Организиран од ИЦРС, Институт „Евро Балкан“, Скопје. | 3 |
| Монографија | | |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Драматургијата на децентрирањето: Бернар-Мари Колтес, патување кон рабовите. Скопје: Аз-буки, 2010. | 8 |
| Дел од монографија | | |
| 6 | „Удвоена другост: родови аспекти на балканизмот во деведесеттите“. Во: Слободанка Марковска, Владимир Давчев, Дона Колар-Панов (уред.) Истражувајќи ја другоста: аспекти на другоста од перспективата на различни дисциплини во високото образование во Р Македонија, Скопје: ФИООМ, 2005. | 4 |
| 7 | „Transition trouble” во Capital and gender. Скопје: Музеј на град Скопје, 2001. | 4 |
| 8 | „(Ре)ситуирање на себството: нација, род и мултикултурни перспективи /(Re)situement du moi: nation, genre et perspectives multiculturelles“, во Komsi_Kapicik, култура и политика, Скопје : 359° Мрежа за локални и субалтерни херменевтики, 2000. | 4 |
| 9 | „Комедијата и градот: од Аристофан до Горан Стефановски/ La comédie et la ville : depuis Aristophane jusqu'à Goran Stefanovski“ во Владимир Мартиновски и Весна Томовска (уред.) Сите лица на смешното. Од антиката па до денес. Скопје: Здружение за компаративна книжевност на Македонија и Здружение на класични филолози „ Антика“, 2013, стр. 39-152. | 4 |
| Дел од монографија објавен во странство | | |
| 10 | „The failure of Macedonian Post-communist Transitional Justice: Purging the Opponents, Lustrating the Dead“ во Rafael Biermann/Carolina Rehrmann(eds.) The Balkans and South Caucasus between Conflict and Reconciliation, Vol. 5 (февруари 2020). | 6 |
| 11 | „(Mis)representations of Transitional Justice: Contradictions in Displaying History, Memory and Art in the Skopje 2014 Project“ во Olivera Simic and Piter Rush (eds.) The Art of Transitional Justice. New-York : Springer, 2014, pp. 173-193. | 6 |
| 12 | „The failure of Macedonian post-communist transitional justice: lustration, between cleansing and parody“ во Olivera Simic and Zala Volcic (eds.), Transitional Justice and Civil Society in the Balkans. New York : Springer, 2013, pp 51-67. | 6 |
| 13 | „OpenOption: Roma, discrimination and peacebuilding in Macedonian Šuto Orizari“ во Olivera Simic and Zala Volcic (eds.), Peace Psychology in the Balkans : Dealing with a Violent Past while Building Peace. Springer, New York, 2012, pp.199-214. | 6 |
| 14 | „Negotiating the name, renaming the nation-state“ во Suzana Milevska (ed.) Renaming machine, Ljubljana: Zavod P.A.R.A.S.I.T.E., 2010, pp. 112-122. | 6 |
| 15 | „Bakanalije Gorana Stefanovskega: "balkanska tragedija"“ во Aleš Šteger et Mojca Kranjc (éd.) Dramatikon 2. Ljubljana : Študentska založba , 2000, pp. 371-379 | 6 |
| 16 | „Le théâtre macédonien“, во Le Dictionnaire Encyclopédique du Théâtre, éd. Larousse Bordas, Paris, 1998. | 6 |
| 17 | „Quel théâtre pour un monde en crise?“, во Du théâtre, 4e Forum du théâtre européen, diffusion Actes Sud, Paris 2000 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | | |
| 18 | „Тишината во срцето на пишувањето: Осврт кон драматургијата на Јон Фосе/Silence in the Heart of Writing: Reflexion on Jon Fosse’s Dramaturgy“ во КОНТЕКСТ/CONTEXT, Review for Comparative Literature and Cultural Research, бр. 22/2020, Институт за македонска литература, Скопје. https://iml.edu.mk/images/Context_22.pdf | 5 |
| 19 | „Летот на Силјан над понорот на небиднината: Анализа на „Црна Дупка“ од Горан Стефановски/Silyan’s fly beyond the void: Analysis of Goran Stefanovski’s “Black hole” во „Спектар“ Меѓународно списание за литературна наука/“Spektar” International literary science journal, n° 76 /2020, Институт за македонска литература, Скопје. | 5 |
| 20 | „Невозможното враќање дома во *Одисеја* на Горан Стефановски/Le retour impossible dans l’Odyssée de Goran Stefanovski“ во Journal of Contemporary Philology, Vol 3 No 1 (2020). | 5 |
| 21 | „Низ дистопиското огледало на транзицијата: во потрага по загубениот идентитет во современата македонска драматургија“. Во: Култура/Culture бр. 14 (2016), Скопје, стр. 28-36. | 5 |
| 22 | „Преобликување на меморијата за комунизмот: Музејот на жртвите на комунистичкиот режим во проектот „Скопје 2014““. Во: Култура/Culture, [S.l.], бр. 6, стр. 119-134, ноември 2014. ISSN 1857-7725. Достапно на: <https://journals.cultcenter.net/index.php/culture/article/view/54>. Датум на пристапување: 28 декември 2019. | 5 |
| 23 | „Комунистичка интима на Јасна Котеска“, во: Identities, Journal for Politics, Gender and Culture, Volume 7, No 1/2, Winter 2009. | 5 |
| 24 | „Identités translationnelles et perspectives postcoloniales“, in Identities, Journal for Politics, Gender and Culture, Vol. 5, No. 2, Summer 2006. | 5 |
| 25 | „Приказ за книгата Žene slike, izmišljaji, izd. Branka Arsić, Београд, Centar za ženske studije, 2000“, во: Identities, Journal for Politics, Gender and Culture, Vol. 1, No. 2 Winter; 2002. | 5 |
| 26 | „Приказ за книгата Nation and narration, ed. Homi K. Bhabha, London, Routledge, 1990“, во Identities, Journal for Politics, Gender and Culture, Vol. 1, No. 2 Winter, 2002. | 5 |
| 27 | „Враќањето кон прашината : Кон филмот „Прашина“ на Милчо Манчевски“, во: Identities, Vol. I, бр. 3/2002, стр. 111-139. | 5 |
| 28 | „Приказ кон книгата The End of Capitalism (as we know it), A Feminist critique of political economy by J-K Gibson-Graham, Blackwell Publishers, 1996., A feminist critique of political economy, de Gibson-Graham“, во: Identities, Vol.I, n.1/2001. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | | |
| 29 | „Intimité communiste: revendication de justice transitionnelle“, во: Studia Universitatis Babes-Bolyai - Studia Europaea, n. 3 / 2011, pp: 45-66. | 5 |
| 30 | „La représentation de l'insurrection d'Ilinden dans les pieces Ilinden, de Nikola Kirov Majski et Le fantôme de la liberté de Vojdan Černodrinski“, во: Cahiers balkaniques: L'Image de la période ottomane dans les littératures balkaniques, n. 36-37/2010:119-132. | 5 |
| 31 | „Le retour à la Poussière: Autour du film Poussière (2001) de Miltcho Mantchevski“, во: ARCHES n. 4, janvier 2003, ed. Département de Philosophie Université "Babes-Bolyai », Cluj-Napoca, Roumanie. | 5 |
| 32 | „Mlada francuska pisava: Dejanje upora zoper svet podob/Les jeunes auteurs du théâtre français: un acte de rébellion contre le monde des apparences“, во: Maska, n. 5-6 (70-71), Ljubljana, 2001. | 5 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | | |
| 33 | „Странецот во театарот на Бернар-Мари Колтес “, во: Mirage #16, (www.mirage.com.mk), 2006. | 3 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно-популарно списание | | |
| 34 | „Диво месо и неговиот двојник“, во: Културен живот, бр. 1/2001, Скопје. | 2 |
| 35 | „Патување до крајот на смртта: студија на Роберто Зуко од Бернар-Мари Колтес“, во: Културен живот, бр. 1, Скопје, 1999. | 2 |
| 36 | „Околу Роберто Зуко во Драмски театар Скопје“, во: Културен живот, бр. 1, Скопје, 1999. | 2 |
| 37 | „Кон една феминистичка театарска критика на разлики“, во:Зборник на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ , Прилеп, 1998. | 2 |
| 38 | „Македонската драматика напроти интекултурализмот и интеркултурниот театар“, во: Зборник на театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“, Прилеп, 1997. | 2 |
| 39 | „16-то издание на Europe Theater Prize – Европска театарска награда“, во Окно.мк, 20.1.2018, https://okno.mk/node/69136. | 2 |
| 40 | „Интервју со Фиоренца Мени“, во: Форум, бр. 196, 26.6.2009, Скопје, стр. 51-53. | 2 |
| 41 | „In memoriam: Жак Дерида“, во: Наше писмо, бр. 54, октомври – декември 2004, Скопје. | 2 |
| 42 | „Трагедијата на бегалците: анализа на „Хераклиди“ во режија на Питер Селарс во MC93 Bobigny “, во ЗУМ, Скопје, декември, 2002 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | „Отворениот брич Војцек или Бихнеровата кинеманија“, во Театарски гласник, бр. 45, Скопје, 1999 | 2 |
| 44 | „Студија на акцијата и лекцијата во „Хамлет-Машина“ на Хајнер Милер“, во: Културен живот, Скопје, 1/1998 | 2 |
| 45 | „Митос : ритуал за еден краток век, студија на претставата на Еуџенио Барба“, во: Културен живот, бр.4, Скопје, 1998 | 2 |
| Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | | |
| 46 | „Écriture et déplacement : Les retrouvailles de soi comme autre dans le roman La chaise d'Elie D'Igor Štiks“, ed. Sonja Stojmenska-Elzeser & Vladimir Martinovski во Literary dislocations/Déplacements littéraires, Actes du 4ème congrès de REELC, 2012., Скопје: Институт за македонска литература, стр. 447-459. | 3 |
| 47 | „Le décentrement de la francophonie: Langues, cultures et identités en mouvement“, во: Actes du colloque international Langue, littérature et culture françaises en contexte francophone. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2012. | 3 |
| 48 | „Identités translationnelles“, во: Actes du colloque international La traduction du macédonien vers le français et vice-versa. Скопје : Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2007. | 3 |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир | | |
| 49 | „Ангажираниот театар и геополитичкиот контекст“. Предавање во рамките на театарската работилница „Регионот како контекст: геополитика и театар“, организирана во културниот центар МЕСТО, Скопје, 2004. | 2 |
| 50 | „Le désir du neutre dans le théâtre de Bernard-Marie Koltès“. Предавање во Францускиот културен центар, Скопје, 26 мај 2004. | 2 |
| Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество | | |
| 51 | „Низ дистопиското огледало на транзицијата : во потрага по загубениот идентитет во современата македонска драматургија“, предавање на меѓународната конференција Culture and Identity, CCCS, септември 2015, Скопје. | 3 |
| 52 | „Преобликување на меморијата за комунизмот : Музејот на жртвите на комунизмот во проектот Скопје 2014“ , предавање на меѓународната конференција Cultural memory, CCCS, 5 – 7 септември 2013, Скопје. | 3 |
| 53 | „Quel est l'enfoiré qui a commencé le premier : insulte et violence verbale dans la dramaturgie de Dejan Dukovski“, предавање на меѓународниот симпозиум L'insulte dans le théâtre contemporain, Laboratoire CPTC,Faculté de lettres et de philosophie, Université de Bourgogne, 15-18 мај 2013. | 3 |
| 54 | „Intimité communiste de Jasna Koteska: écriture, filiation, dissidence“, предавање на Меѓународната конференција Écritures balkaniques, Inalco, Париз, 7 – 9 јуни 2010. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 55 | „Conversation avec Spinoza: écriture, différence et exclusion“, предавање оджано во рамките на меѓународната конференција Écritures balkaniques, Цentre d'études balcaniques- INALCO, Париз, 15 мај 2009. | 3 |
| 56 | „Преведувањето на себството во рамките на современиот македонски контекст и на Балканот“, предавање на меѓународниот симпозиум Преведување на себството, Институт "Евро-Балкан" и Центарот за културни и визуелни истражувања, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", 26 – 27 јануари 2007, Скопје. | 3 |
| 57 | „Des auteurs en perte de loca(lisa)tion : réflexions autour de la dramaturgie macédonienne contemporaine“, предавање на меѓународниот симпозиум Dixième anniversaire des journées macédoniennes: la République de Macédoine: passé, présent, futur, INALCO, во Амбасадата на Република Македонија во Париз, 16 – 18 ноември 2006. | 3 |
| 58 | „Le texte et le commentaire: identités translationnelles et perspectives postcoloniales“, предавање на меѓународниот семинар Le texte et le commentaire, организиран од Université de Lille, Филозофскиот факулет во Загреб и OFFRES, во Интеруниверзитетскиот центар - Дубровник, 27 септември – 1 октомври 2006. | 3 |
| 59 | „(De)constructing balkanism in the film Dust by Milcho Manchevski“. Предавање на меѓународниот интердисциплинарен симпозиум насловен: (Re)inventing collective identities, во организација на Универзитетот во Лајпциг и Институтот за филозофија, Лајпциг, 15 – 17 јануари 2004 г. | 3 |
| 60 | „La représentation de l'insurrection d'Ilinden dans les pièces Ilinden, de Nikola Kirov Majski, et Le fantôme de la liberté, de Vojdan Tchernodrinski“. Предавање во рамките на меѓународниот симпозиум „VI-èmes Journées Macédoniennes“, организиран во INALCO, Париз, декември 2003. | 3 |
| 61 | Предавање на меѓународниот Охридски летен универзитет: Критички дебати во современата филозофија: хисторицизам и разлика версус универзализам, организиран од Институтот Евро-Балкан, ФОСИ Македонија, во соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Болоња, Италија, 9 – 19 јуни 2002. | 3 |
| 62 | „Жените во контекстот на постсоцијализмот во Р Македонија: меѓу етнонационализмот и мултикултурализмот“. Предавање на меѓународната конференција „Национализам, идентитет и регионална соработка: компатибилности и некомпатибилности", организирана од Институтот за Централна и Југоисточна Европа (ИЕЦОБ). Форли, Италија, 5 – 9 јуни 2002. | 3 |
| 63 | Реферат во Follow-up-от на Охридскиот летен универзитет 2001, Работилница "Развој на курикулата за родовите студии во Југо-Источна Европа" Скопје, 23 – 25 март 2002. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 64 | „Analyse de la transgression de l’espace balkanique dans le film Poussière de Milcho Manchevski“, предавање во рамките на меѓународниот симпозиум Frontières et identités territoriales et imaginaires de l’antiquité aux temps modernes (accent mis sur les Balkans), организиран од ISH, Centre de recherches historiques - CRH \| EHESS-Paris и Centre Louis Gernet - EHESS-Paris, во Љубљана, од 17 до 20 март 2002. | 3 |
| 65 | Реферат на меѓународниот семинар „Какви родови студии ни се потребни?“, во организација на ИЦРС-Институт Евро-Балкан, при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, 2001. | 3 |
| 66 | Реферат на тркалезната маса „Национализам и род“ во рамките на регионалната конференција Соработката на земјите наследнички на поранешна Југославија во доменот на општествените науки и културата како фактор на градењето на граѓанското општество во Србија, Нови Сад, 23 – 25 ноември 2001. | 3 |
| 67 | „L'écriture dramatique contemporaine en Macédoine“, предавање во рамките на Средбата со македонските писатели и драмски писатели, одржана во La maison des écrivains étrangers et des traducteurs, Сен-Назер, Франција, 2000. | 3 |
| 68 | „Предизвиците на современиот македонски театар наспроти интеркултуралноста и интеркултуралниот театар“, предавање на меѓународната конференција Theaters and cultures in the World : theories and practices in today’s theater организирана од International Federation for Theatre Research (IFTR), Puebla, Mexico, 1997. | 3 |
| Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | | |
| 69 | „Transition trouble“, предавање во рамките на меѓународната конференција Capital and gender, Отворено графичко студио, Скопје, Скопје, 24 – 26 јануари 2001. | 2 |
| 70 | „Ангажираниот театар и геополитичкиот контекст“. Предавање во рамките на регионалната театарска работилница Регионот како контекст: геополитика и театарот, Културен центар „Место“, Скопје, декември 2001. | 2 |
| | Вкупно | 255,5 |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Авторско учество/коавторство на аудиовизуелно дело од среден формат | | |
| 1 | Драматург на претставата „Три сестри“ од Антон Павлович Чехов, во режија на Димитар Станковски, Драмски театар – Скопје, премиера: 19.6.2004. | 4 |
| 2 | Драматург на претставата „Дон Жуан“, во режија на Александар Поповски, Драмски театар, премиера: 18.7.2005 - Охридско лето | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Драматург на претставата „Домот на Бернарда Алба“ од Федерико Гарсиа Лорка, во режија на Горчин Стојановиќ, Драмски театар: премиера: 3.8.2004 – Охридско лето | 4 |
| 4 | Драматург на претставата „Марисол“ од Хозе Ривера, во режија на Владимир Милчин, Драмски театар: премиера, 15.1.2004 – Охридско лето | 4 |
| | Вкупно | 16 |

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Превод – книга/учебник | | |
| 1 | Превод на книга од француски на македонски јазик, Тома Гунзиг Страшната и чудесна приказна за најгрдите суштества во универзумот од (Thomas Gunzig, De la terrible et magnifique histoire des créatures les plus moches de l’univers), Скопје : АрсЛамина, 2019. | 3 |
| 2 | Превод на книга од француски на македонски, Патрик Модијано, Од длабочините на заборавот (Patrick Modiano Du plus loin de l’oubli), Скопје, АрсЛамина, 2018. | 3 |
| 3 | Превод на книга од француски на македонски јазик Жан-Франсоа Лиотар, Постмодерна состојба (Jean-François Lyotard, La condition postmoderne), Скопје : Аз-буки, 2007 | 3 |
| 4 | Превод на книга од хрватски на македонски јазик, Игор Штикс, Елијаховата столица (Igor Štiks, Elijahova Stolica). Скопје : Или-Или, 2007. | 3 |
| 5 | Превод на книга од француски на македонски јазик Андре-Ив Портноф, Да се обложиме на интелигенцијата (André-Yves Portnoff, Le pari de l’intelligence). Скопје : Магор, 2007. | 3 |
| 6 | Превод на книга од француски на македонски јазик Жан Бодријар, Симулакруми и симулација (Jean Baudrillard, Simulacres et simulation). Скопје : Магор, 2001 (Награда за најдобар превод на Саемот на книгата, Скопје, 2001). | 3 |
| 7 | Превод на книга од хрватски на француски јазик Igor Stiks et Srecko Horvat, L'ange de la rébellion. A-t-on le droit de se rebeller contre la démocratie représentative ? (Pravo na pobunu, Uvod u anatomiju građanskog otpora), éditions Galaade, Paris, 2012 | 3 |
| 8 | Превод на сценарио од македонски на француски „Соба со пиано“ од Жанина Мирчевска и Игор Иванов-Изи 2009. | 3 |
| 9 | Превод на книга од македонски на француски јазик Жан Бодријар, Cool memories (Jean Baudrillard, Cool memories), Скопје : Темплум, 1994. | 3 |
| Превод – дел од книга | | |
| 10 | Превод на дел од книга од француски на македонски јазик: Лис Иригаре, Спекулум на другата жена (Luce Irigaray, Speculum de l’autre femme), Скопје: Истражувачки центар за родови студии, Институт Евро-Балкан, Скопје, 1995. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Превод на драмски текст од француски на македонски јазик: БернарoМари Колтес, Во самотијата на памучните полиња (Bernard-Marie Koltès, Dans la solitude des champs de coton). Скопје: Културен Живот, 2004. | 1 |
| 12 | Превод на драмски текст од француски на македонски: Бернар-Мари Колтес, Роберто Зуко во ММЕ... Антологија на новата европска драма, Магор, Скопје, 2004 | 1 |
| 13 | Превод на дел од книга од француски на македонски јазик : Канава од Жак Лакан во Теорија на драмата и театарот, Детска радост, Скопје, 1998 | 1 |
| Превод – статија | | |
| 14 | Igor Štiks, „Une citoyenneté sans cité, des cités sans citoyenneté“, во Identites : journal for politics ; gender and culture, Vol.5/n.1/Winter 2006. | 0,5 |
| 15 | Jacques Derrida, „La littérature en secret : Une filiation impossible“, во Identities, Journal for politics, Gender and culture, Vol.3, n.2, Winter, 2004. | 0,5 |
| 16 | Jacques Derrida, „La langue de l’étranger“, во Identities, Journal for politics, Gender and culture, Vol.3, n.2, Winter, 2004. | 0,5 |
| Дејности од поширок интерес | | |
| | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | |
| 17 | 2011 — 2003: член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание Cahiers Balkaniques, INALCO, Париз. | 1 |
| 18 | 2011 — 2001: член на уредувачкиот одбор меѓународното академско списание Identities: journal for politics, gender and culture, RCGS, Euro-Balkan Institute, Skopje (http://www.identitiesjournal.edu.mk/) | 1 |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | |
| 19 | Координатор на XVIIth English Speaking Summer University History, Historiographies, Politics, 20 август – 7 септември 2001 г. во Цетиње, Црна Гора, во коорганизација меѓу Институтот „Евро-Балкан“ – Скопје и Transeuropéennes (Paris) | 1 |
| 20 | Модератор на тркалезната маса посветена на OpenOption, проект на Teatrino Clandestino и на Рома театарот, во рамките на меѓународното Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот, Скопје, Дом на Армија, 5 септември 2009. | 1 |
| 21 | Стрим-лидер на регионалната конференција „Интегрирање на разликите: човекови права, социјална инкулузија и социјална кохезија на Балканот на патот кон ЕУ”, Охрид, хотел „Климетица“, 28 – 31 мај 2009. Наслов на стримот: „Воспоставување на истражувачка агенда за социјална ексклузија за Балканот и градење на регионална мрежа“. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Модератор на тркалезната маса посветена на драмското творештво на писателот Јордан Плевнеш, организирана во соработка со Centre Wallonie-Bruxelles и La maison de la poésie, Париз, 2003. | 1 |
| | Студиски престој во странство | |
| 23 | 2003 - 2002: Стипендија за студиски престој за превод на книга од Direction du livre et de la lecture, Министерство закултура и комуникација, Франција, за преводот на Speculum de l'autre femme од Luce Irigaray. | 0,5 |
| 24 | 1998: Стипендија за индивидуална мобилност Tempus; тримесечен престој на Катедрата за театарски уметности DAMS - Universita di Bologna, Италија | 0,5 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – носител | |
| 25 | Изготвување и пријавување на научниот проект "A deeper justice project: Rethinking post-communist transitional justice in Macedonia", MARIE SKŁODOWSKA-CURIE ACTIONS, Individual Fellowships (IF), Call: H2020-MSCA-IF-2017 | 2 |
| | Вкупно | 41,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 117,7 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 255,5 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 16 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 41,5 |
| Вкупно | 430,7 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. м-р Русомир Богдановски, с.р.**
**Проф. д-р Ана Стојаноска, с.р.**
**Проф. м-р Маја Стевановиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *ДЕСПИНА НИКОЛА АНГЕЛОВСКА*

**Институција:** ***Факултет за драмски уметности***

**Научна област:** *ДРАМАТУРГИЈА (60800)*

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9**_________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,5**_______<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | **да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **драматургија**; поле: **драмски уметности**; подрачје: **хуманистички науки**. | **да** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Култура/Culture, [S.l.], v. 6, n. 14, p. 28-36, dec. 2017. ISSN 1857-7725**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **вкупен број членови: 8; број и припадност по земји: Македонија(2), Русија(1), Бугарија(1), Полска(1), САД(1), Словачка(1), Финска(1)**<br>3. Наслов на трудот: **Низ дистопиското огледало на транзицијата: во потрага по изгубениот идентитет во современата македонска драматиката.** | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: **2017** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Journal of Contemporary Philology 3 (1), 111–125**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **вкупен број членови: 23; број и припадност по земји: Македонија(7), Русија(2), Иран(1), Белгија(1), Данска(1), Романија(1), САД(1), Шпанија(1), Франција(1), Полска(1), Хрватска(1), Канада(1), Полска(1), Германија(1), Србија(1), Италија(1)**<br>3. Наслов на трудот: **Невозможното враќање дома во пиесата „Одисеј“ од Горан Стефановски**<br>4. Година на објава: **2020** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Спектар, n° 76/2020**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **вкупен број членови: 9; број и припадност по земји: Македонија(3), Австрија(1), Словачка(1), Полска(1), Хрватска(1), Русија(1), Словенија(1)**<br>3. Наслов на трудот: **Летот на Силјан над понорот на небиднината: Анализа на „Црна дупка“ од Горан Стефановски**<br>4. Година на објава: **2020** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Context / Контекст, n°22/2020**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **вкупен број членови: 6; број и припадност по земји: Македонија(2), Холандија(1), Словачка(1), Словенија(1), Хрватска(1)**<br>3. Наслов на трудот: **Тишината во срцето на пишувањето: Осврт кон драматургијата на Јон Фосе** | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: **2020** | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: **« The failure of Macedonian Post-communist Transitional Justice : Purging the Opponents, Lustrating the Dead » in Rafael Biermann/Carolina Rehrmann/Phillip Tolliday(éds.) The Balkans and South Caucasus between Conflict and Reconciliation, Vol. 5. ISBN: 978-3-525-52206-6**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД : **Германија**<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **Vandenhoeck & Ruprecht, Göttingen, 1st édition (Jan 20 2020)** | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен:<br><br>**За <u>доцент</u> – Одлука бр. 02.02/2/5-10-2007 на Матичната комисија на Институтот за општествени и хуманистички истражувања Евро-Балкан, Скопје – во прилог**<br><br>**За <u>вонреден професор</u> – Одлука бр. 03/771-1 од 21.11.2009 на Матичната комисија на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА – во прилог** | **да** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **да** |

* На лицата кои имаат засновап работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА СТАНДАРДЕН МОДЕЛ НА СЕНКА КАЈ МРЕЖА ОД ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА НЕЈЗИНАТА ГЕОМЕТРИЈА ЗА ПОЕФИКАСНА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПЛАЦ“ ОД М-Р БИЛЈАНА ЧИТКУШЕВА ДИМИТРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 24.2.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Читкушева Димитровска со наслов „Развој на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плац“, во состав: проф. д-р Маргарита Гиновска (претседател), проф. д-р Христина Спасевска (ментор), проф. д-р Марко Чепин (член), вонр. проф. д-р Роман Голубовски (член) и вонр. проф. д-р Лихнида Стојановска (член).

Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Читкушева Димитровска, со наслов „Развој на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плац“, содржи 175 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред од 1,5 точки и големина на букви од 12 точки, со 74 слики, 47 табели и 81 библиографска единица, меѓу кои има научни трудови, книги, стандарди, како и податоци од Интернет.

Докторскиот труд започнува со содржина, список на слики, список на табели и апстракт на македонски и на англиски јазик. Трудот е структуриран во осум глави кои содржат поднаслови и точки.

Првата глава е вовед и опфаќа преглед на досегашните достигнувања од областа на обновливите извори на енергија со посебен акцент на добивањето на електричната енергија од фотоволтаици, како и преглед на досегашните достигнувања од аспект на оптимизирање на параметри кои влијаат врз производството на електрична енергија.

Во втората глава се дадени теориските основи на фотолтаичните системи, технологиите на изработка на фотоволтаични ќелии, како и електричните карактеристики на фотоволтаиците.

Третата глава ги опфаќа законите поврзани со движењето на сонцето и опишување на основните поими кои се користат во определувањето на геометријата на положбата на сонцето.

Во четвртата глава е развиен стандарден модел на сенка кај дефинирана мрежа од 3x3, т.е. 9 фотоволтаични панели. Опишани се елементите на сенка и се определени со математички равенки. Сите можни ситуации на меѓусенчење се илустрирани визуелно. Моделот на сенка е потврден во софтверот ARCHICAD и е презентиран алгоритам за пресметка на површини под сенка.

Во петтата глава е образложен моделот на сончево зрачење, т.н. Clear-Sky модел, кој се применува само за сончеви денови. Од овој модел се добиваат податоци за директно и дифузно сончево зрачење. Моделот за сончевата положба, моделот за сенка и моделот за сончевото зрачење се составни делови на моделот за моќност. Врз основа на добиената равенка за моќност се пресметуваат вредностите за произведената електрична енергија на дневно, месечно и на годишно ниво.

Во шестата глава е опишан софтверот и неговата примена за енергетска анализа на дневно и годишно ниво на дефинираната мрежа од фотоволтаични панели. Со помош на дијаграми се опишани алгоритмите потребни за дефинирање на процедурите кои се дел од поодделните модели на софтверот.

Во седмата глава се презентирани резултатите за добиените вредности на произведена електрична енергија на дневно и годишно ниво, како и компаративна анализа на добиените вредности на енергијата на годишно ниво при дневен тракинг, т.е. дневно менување на аголот на наклон на панелите $\beta_{opt}$ и при фиксен агол на наклон $\beta$ за период од цела година.

Во осмата глава се сумирани анализите од добиените резултати и на крај е даден заклучок.

- **Предмет на истражување**

Истражувањата на оваа докторска дисертација се насочени кон развој на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели и анализа на повеќе параметри кои влијаат врз производството на електрична енергија. Параметрите кои се разгледуваат се следни: сенката (меѓусенчењето), аголот на наклон или аголот на инклинација $\beta$ на фотоволтаичниот панел, географската положба (географска ширина и географска должина) и растојанијата помеѓу панелите во две насоки (по оската $x$ и оската $y$). Стандардниот модел на сенка се применува кај мрежа составена од 3x3 фотоволтаични панели со ширина на панелот $P_x$ и должина на панелот $P_y$, односно 9 панели распоредени во 3 редици и 3 колони. Растојанието помеѓу редиците е означено со $r_y$, а растојанието помеѓу колоните е означено со $r_x$.

При развојот на стандардниот модел на сенка се разгледуваат две конфигурации. Во првата конфигурација, вредноста на ширината на панелот $P_x$ е помала или еднаква на вредноста на растојанието помеѓу колоните $r_x$ во дефинираната мрежа од девет фотоволтаични панели. Во оваа конфигурација се јавува само еден тип на сенки, таканаречени единечни сенки. Во втората конфигурација, вредноста на ширината на панелот $P_x$ е поголема од вредноста на растојанието помеѓу колоните $r_x$ во дефинираната мрежа од девет фотоволтаични панели. Во оваа конфигурација се јавуваат два типа на сенка: единечни и двојни сенки кои можат да се прикажат визуелно. Движењето на сенката се набљудува во текот на 24 часа, секој ден во годината и се пресметува должината и ширината на сенката што паѓа на одреден панел од дефинираната мрежа од фотоволтаични панели.

Стандардниот модел на сенка е применет за проценка на вредноста на оптималната површинска густина *Eff* на мрежата од фотоволтаични панели на одбран плац на точно утврдена географска ширина каде што засенувањето или меѓусенчењето ќе биде незначајно.

Анализите при пресметка на површини под сенка и енергетските анализи се направени за повеќе географски положби од екваторот до географска ширина, т.е. латитуда од 65$^{\circ}$ за северната хемисфера. Во анализите за секоја одбрана географска положба се менуваат следниве параметри: растојанијата помеѓу редиците и колоните помеѓу панелите ($r_x$ и $r_y$) и аголот на наклон $\beta$. За секое одбрано сценарио се пресметува вредноста на моментна моќност $Pi$ и врз основа на добиените вредности на моментната моќност се пресметува вредноста на енергијата на дневно, месечно и годишно ниво. Пресметките за вредностите на моментната моќност $Pi$ на дефинираната мрежа се прават за секои 15 минути.

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е развој на модел на сенка помеѓу фотоволтаичните панели и влијанието на сенката врз производството на електрична енергија. Моделот на сенка користи теоретски пристап и математичко моделирање за определување на сенките, како и нивна имплементација во софтверскиот пакет VS (Visual Studio). Моделот овозможува пресметување на вредностите на ширината и должината на сенка што зафаќа даден панел од мрежата од фотоволтаични панели, односно може да ја пресмета вкупната вредност на површината на панелите којашто се наоѓа под сенка.

Во услови кога дебелината на панелот се занемарува, сенката што паѓа на одреден панел има правоаголна форма. Предложениот стандарден модел на сенка опфаќа постапки за пресметување на димензиите на сенката што паѓа на одреден панел во дефинираната мрежа од фотоволтаични панели.

Компаративна анализа на енергијата е направена во однос на најмалиот ден во годината, 21 декември и е означен како $N$=355. Овој ден, означен како $N$=355, се зема за референтен ден. Годишните времиња се определени со додатни 7 дена избрани на еквидистантни периоди во однос на референтниот ден.

Пресметките се направени за различни географски положби, кои се дефинирани со точна географска ширина и должини за латитуди во опсег 0° до 65°. За секој разгледан ден се одредува вредноста на оптималниот агол на наклон $\beta_{opt}$ на фотоволтаичните панели. Тракингот на фотоволтаичните панели се ажурира на дневна основа, а оптималниот агол на наклон се пресметува при избегнато меѓусенчење за целиот интервал на аголот $\beta$, од 0° до 90°, со чекор од 1°. Исто така, се избира оптималната вредност на агол на наклон $\beta_{opt}$, при која се добива максимална вредност на енергијата произведена во тој ден. Изготвен е протокол врз основа на кој се прават анализа за произведената енергија од панелите во фотоволтаичната мрежа.

- **Состојба на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Фотоволтаичните системи кои се поврзани на електричната мрежа се состојат од фотоволтаични панели, инвертори, единица за одржување на температурата и опрема за мрежно поврзување. Тие вообичаено се нарекуваат фотоволтаични електрани.

Пред дизајнирањето и инсталирањето на фотоволтаичните системи, потребно е да се направи анализа која опфаќа повеќе фактори кои влијаат на производството на електрична енергија. Во анализата треба да се земат предвид временските услови, географската местоположба каде што ќе биде поставен фотоволтаичниот систем, како и начинот на кој тој ќе биде поставен.

Многу различни методи и можности за зголемување на произведената електрична енергија од фотоволтаичната електрана се опишани од повеќе автори на научни трудови. Еден од методите е одредување на оптимален агол на наклон на фотоволтаичен панел, имајќи предвид дека сончевото зрачење што паѓа на фотоволтаичниот панел е најголемо кога сончевите зраци паѓаат нормално на неговата површина. Ова важи само за директното сончево зрачење, кое има и најголем придонес во производството на електрична енергија. Други автори го земаат предвид дифузното сончево зрачење кое може егзактно да се одреди, само ако се достапни прецизни метеоролошки податоци во подолг временски период.

Во досегашните истражувања, ефектот на сенка е опишан од аспект на тоа како тој влијае на фотоволтаичните панели, притоа не земајќи ја предвид површинската ефикасност на даден плац, кој во иднина би претставувал важен елемент при дизајнирањето и проектирањето на фотоволтаични електрани. Заради недоволно истражено подрачје, придонесот на оваа докторска дисертација е во насока на анализа на ефектот на сенка и неговото влијание од аспект на ефикасноста на плацот и предностите што ги овозможува при производството на електрична енергија. Стандардниот модел на сенка е применет во модел за пресметка на моментната вредност на моќноста на панелот, вредностите на произведената електрична енергија и површинска густина на електрична енергија. Во моделот се менуваат параметрите: агол на наклон на панелите, растојание помеѓу панелите, географска положба, ден и час при што се анализира влијанието на овие параметри поодделно врз вредностите на произведената електричната енергија.

Од добиените резултати следуваат препораки за начинот на поставување на фотоволтаичните панели на одреден плац за дадена географска положба со цел да се добие негова зголемена површинска ефикасност.

- **Опис на применетите методи**

Научниот метод што е применет во оваа докторска дисертација се состои од: дефинирање на проблем, преглед на досегашни истражувања и достигнувања, поставување хипотези, спроведување експеримент, проверка на експериментот, анализа и интерпретација на добиените резултати, носење заклучок, воспоставување постапки, развој на протоколи, промена на параметри кои би имале влијание на резултатите, проценка, компаративна анализа и верификација.

На почетокот од истражувањето е направен детален преглед на досегашните истражувања и достигнувања од областа на фотоволтаични системи и анализа на параметри кои влијаат на производството на електрична енергија.

Потоа е поставена нумеричка анализа со која се определува движењето на сонцето во зависност од сончевите агли. Дефинирани и поставени се математички модели за одредување на точната положба на сонцето во секој момент од времето. Сите потребни сончеви параметри се дефинирани и верифицирани со соларен калкулатор. Откако се утврдени и пресметани сончевите параметри, пристапено е кон опишување на точната сончева положба за кое било време во даден ден. Првиот нумерички екперимент, како резултати ни ги дава следните вредности на сончеви агли: агол на висина на сонцето $\alpha$ и аголот на сончев азимут $z$. Аголот на висина на сонцето $\alpha$ има вредности во интервалот од $0^{o}$ до $+90^{o}$, а аголот на сончев азимут $z$ во интервалот од -90 $^{o}$ до $+90^{o}$.

Исто така, спроведена е втора нумеричка анализа за одредување на поместувањето на сенката. Поместувањето на сенката е во корелација со аголот на азимут $z$ и аголот на наклон на панелот $\beta$. По одредувањето на поместувањето на сенката се одредуваат вредностите на ширина *Psh_x* и должина на сенка *Psh_y* што паѓа на даден панел од мрежата од фотоволтаични панели. Со овој нумерички експеримент се пресметани вредностите за ширината *Psh_x* и должината *Psh_y* на сенката, односно вредностите за површината што се наоѓа под сенка *Sdif* и површината што е под директно сончево зрачење *Sdir* од мрежата од фотоволтаични панели. Потоа, е воспоставен моделот на сенка со дефинирани две конфигурации. Првата конфигурација е во случај кога ширината на панелите *Px* е помала или еднака на растојанието помеѓу колоните $r_x$, а втората конфигурација е во случај кога ширината на панелите *Px* е поголема од растојанието помеѓу колоните $r_x$. Бројот и видот на засенчени површини се пресметува според развиен алгоритам кој е опишан со дијаграм.

Како резултат на моделот на сенка произлегуваат нумерички равенки за вредностите на површината под сенка *Sdif* и вредноста на површина изложена на директно сончево зрачење *Sdir*.

Во понатамошниот тек од истражувањето, по воспоставувањето на моделот на сенка, направено е моделирање на сончевото зрачење. Се избира моделот Clear sky за зрачење и анализата е направена кога деновите се сончеви и се добива резултантен модел за пресметка на моментната вредност на моќноста. Пресметките се направени на секои 15 минути во време од 24 часа, а деновите се нумерираат од 1 до 365. Со интегрирање се добиваат вредностите за дневно, месечно и годишно производство на електрична енергија. Потоа следуваат анализи за ефектот на сенка врз вредностите за произведената електрична енергија на дневнао и годишно ниво. Направена е компаративна анализа на добиените вредности на енергијата при дневен тракинг на аголот на наклон на панелите $\beta_{opt}$ и при фиксен агол на наклон $\beta$ за период од цела година при промена на растојанијата помеѓу панелите, $r_x$ и $r_y$ , со цел да се добијат оптимални растојанија, односно оптимална поставеност на панелите за најголема искористеност на плацот, а најмала загуба на електрична енергија.

Стандардниот модел на сенка е применет во модел за пресметување на вредностите на моментната моќност на панелот *Pi*, произведената електрична енергија *E* и површинска густина на електрична енергија *Eff*. Во моделот се менуваат параметрите: аголот на наклон на панелите, растојанијата помеѓу панелите, географската положба, ден и час.

- **Опис на резултатите од истражувањето**

Во оваа докторска дисертација е развиен стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плацот. Стандардниот модел на сенка е применет кај мрежа од девет фотоволтаични панели, распоредени во три редици и три колони.

При развојот на овој модел се користи теоретски пристап и математичко моделирање за определување на димензијата и формата на сенките со негова имплементација во VS (Visual Studio – VBA).

Резултатите кои произлегуваат од моделот на сенка се добиваат од равенките за пресметување на ширината и должината на сенката што го зафаќа даден панел од мрежата од фотоволтаични панели 3x3, како и површините што се под сенка од мрежата од фотоволтаични панели. Бројот и видот на засенчени површини се пресметува според развиен алгоритам кој е опишан со дијаграм. Со помош на овој алгоритам се одредени вредностите на вкупната површина директно изложена на сончево зрачење, како и вкупната површина која е изложена на дифузното сончево зрачење.

Со резултатите се постигнати следниве цели:

- утврдување на методологија за одредување на положбата на сонцето;
- утврдување на методологија за одредување на параметрите кои имаат влијание врз ефектот на сенка кај дефинирана мрежа од 3x3 фотоволтаични панели;
- определување на зависноста на геометријата на сенката од параметрите кои ја опишуваат геометријата на положбата на сонцето;
- определување на зависноста на геометријата на сенката од параметрите кои ја опишуваат геометријата на фотоволтаичните панели;
- поставување на алгоритам за проценка на вкупна површина под сенка и вкупна осветлена површина од фотоволтаичната мрежа;
- утврдување на методологија за одредување на вредностите на сончево зрачење, при што анализата е направена за сончеви денови.

Развиениот модел и сите постапки кои се користат во неговиот развој се детални, концизни и разбирливи и може да се применат во реални услови при дизајнирање и димензионирање на фотоволтаични системи. Оваа докторска дисертација ги опфаќа сите чекори од процесот на развој на модел на сенка, од дефинирање на параметри, развој на модел и негова верификација во ARCHICAD-софтвер, негова примена за енергетска анализа, како и толкување и анализа на добиените резултати.

Развиениот стандарден модел на сенка е потврден со споредба на добиените случаи на сенка кои произлегуваат од развиениот модел на сенка со визуелизираните случаи во ARCHICAD. Исто така, направена е и анализа за утврдување на зависноста на должината и ширината на сенката од должината и ширината на панелите, како и анализа за утврдување на зависноста на должината и ширината на сенката од растојанијата помеѓу панелите и нивниот агол на наклон. Моделот на сенка, заедно со моделот на сончево зрачење, е имплементиран во модел за пресметување на вредностите на моќноста. Сите модели се имплементирани во софтвер за енергетска анализа на определената фотоволтаична мрежа.

Резултатите од направената анализа на енергијата распоредена по денови покажуваат дека со допуштање на засенување се намалува производството на електрична енергија на мрежата и опаѓа просечната ефикаснот на фотоволтаичните панели, но за сметка на тоа се зголемува ефикасноста на плацот на фотоволтаичната мрежа.

Истражувањето за влијанието на ефектот на сенка покажуваат дека доколку сегментирањето на фотоволтаичните панели е ситно, тогаш сенката наместо да се избегнува може да се допушти со цел да се оптимизира ефикасноста на зафатениот плац. Од анализата се определуваат оптималните вредности на растојанијата помеѓу панелите и агол на наклон при кои се добива зголемена ефикасност на плацот на фотоволтаичната мрежа во однос на дефинираниот референтен датум, односно препораки за оптимална поставеност на панелите на даден плац по латитуди во интервалот од 0˚до 65˚.

Компаративната анализа на произведената енергија на годишно ниво при дневен тракинг на аголот на наклон на панелите и добиените оптимални растојанија, покажува дека релативната промена на енергија се зголемува со зголемување на вредноста на латитудата во интервал од 1,27% до 15,2% за географски ширини од 0˚до 65˚. Додека пак од компаративната анализа за вредностите на енергијата на годишно ниво, добиени при дневен тракинг на аголот на наклон на панелите и за фиксен годишен агол на наклон, може да се заклучи дека загубата на енергија е поголема при

фиксен агол на наклон. При оваа анализа, растојанијата помеѓу панелите не се менуваат.

Овие резултати покажуваат дека од трите параметри, кои се земаат предвид во анализите на фотоволтаичната мрежа, аголот на наклон $\beta$ има голем фактор на влијание врз меѓусенчењето, а со тоа и големо влијание на производството на електрична енергија.

Резултатите од истражувањата и анализите направени во докторската дисертација ги потврдуваат следниве заклучоци:

- Доколку панелите се ситно сегментирани во фотоволтаичната мрежа од панели, меѓусенчењето наместо да се избегнува може да се искористи со цел многукратно да се зголеми ефикасноста на плацот.
- Оптимална поставеност на панелите во дефинираната мрежа од фотоволтаични панели при дневно менување на аголот на наклон на панелите овозможува да се зголеми ефикасноста на плацот.
- Аголот на наклон $\beta$ има поголем фактор на влијание врз меѓусенчењето на панелите во дефинираната мрежа при фиксирани растојанија помеѓу панелите ($r_x$ и $r_y$).
- Производството на енергија е помало при фиксен агол $\beta$ за период од цела година во однос на производството при дневен тракинг на аголот на наклон $\beta_{opt}$ на фотоволтаичните панели.

**Заклучок**

- **Главни научни придонеси на кандидатката**

Главниот придонес на докторската дисертација е развојот на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели и ефектот на сенка врз вредностите на произведената електрична енергија.

Во досегашните истражувања, ефектот на сенка е опишан од аспект на тоа како тој влијае врз карактеристиките на фотоволтаичните панели. Придонесот на оваа докторска дисертација е во насока на анализа на ефектот на сенка и неговото влијание од аспект на ефикасноста на плацот и предностите што ги овозможува при производството на електрична енергија.

Развиениот стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели и неговата примена при проучувањето на фотоволтаичните системи овозможува да се продлабочат сознанијата за моделирањето на сончевите параметри, дефинирањето на сенката од мрежа на фотоволтаични панели, како и за нивниот ефект врз вредноста на произведената електрична енергија.

Со истражувањата од докторскиот труд се дава научен придонес во анализа на зависноста на геометријата на сенката од параметрите кои ја опишуваат сончевата положба, како и од параметрите кои ја опишуваат геометријата на панелите (ширина и должина) и геометријата на фотоволтаичната мрежа (растојанијата помеѓу панелите и и нивниот агол на наклон). Исто така, дефинирана е зависноста на моќноста од пресметаната површина под сенка при директно осветлена површина од панелите кај определената фотоволтаична мрежа.

Освен развој на стандарден модел на сенка, воспоставена е и постапка за определување оптимални параметри за поставување на панелите од фотоволтаичната мрежа со цел да се добие зголемена ефикасност на искористување на даден плац.

Во рамките на истражувањата е утврдена зависноста на површината под сенка од страна на мрежата од повеќе параметри, како што се: географска положба, ширина и должина на панелите, растојанија помеѓу панелите по оската $x$ и оската $y$ и аголот на наклон на панелите.

Од направените истражувања следува анализа на енергијата за дефинирани периоди, при растојанија помеѓу панелите за кои е избегнато меѓусенчењето, како и анализи со оптимални растојанија помеѓу панелите (при кои се дозволува меѓусенчење). Со овие истражувања се добиени препораки за оптимална поставеност на панелите од дефинираната мрежа во однос на растојанијата помеѓу фотоволтаичните панелите и нивниот агол на наклон.

- **Подрачје на примена и ограничувања**

Развиениот стандарден модел на сенка е имплементиран во софтвер за енергетска анализа на дефинираната мрежа и може да се примени во процесот на дизајнирање и проектирање на фотоволтаични електрани. Исто така, со аналитичкиот софтвер постои можност за одредување на оптимален фиксен агол на наклон за утврден период (месец, годишно време, година). Во зависност од географската положба, достапноста и големината на даден плац, може да се пресмета и да се утврди оптималното решение во однос на аголот на наклон и растојанита помеѓу панелите.

Постапките кои се користат при развојот на моделот на сенка, како и аналитичкиот софтвер се детални, концизни и разбирливи и може да се применат во реални проекти во случај кога заштитните диоди се поставуваат на помали сегменти.

Добиените резултати покажуваат дека моделот на сенка заедно со аналитичкиот софтвер претставуваат добра основа за понатамошна техно-економска анализа на конкретни енергетски проекти, како и развој на методологија за оптимална поставеност на панелите на даден плац.

- **Можни понатамошни истражувања**

Истражувањата од оваа докторска дисертација би можеле да се прошират во насока на развој на овој стандарден модел на сенка кај поголеми фотоволтаични системи односно мрежи составени од поголем број на фотоволтаични панели (MxN).

- **Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторската дисертација, објавила три труда поврзани со предметот на истражување, од кои еден е во списание со фактор на влијание:

- B. Chitkusheva Dimitrovska, M. Cepin, R. Golubovski, H. Spasevska, Modeling photovoltaic grid inter-shading, Thermal Science, May 2020, (IF=1.541).
- B. Chitkusheva Dimitrovska, M. K. Paneva, G. Stefanov, V. Cingoski, V. Sarac, Analysis and performance of two PV cells under various weather conditions, Proceedings of Materials, Technologies, Materials, Vol.3, 2016.
- B. Chitkusheva Dimitrovska, M. K. Paneva, G. Stefanov, Analysis for installation of stand-alone PV system in household in Radovish, International Scientific Conference -UNITECH 2015.

-

- **Заклучок со предлог до ННС**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Читкушева Димитровска е концизна и добро структурирана, со соодветен избор на литература. Текстот е јасно конципиран во глави, наслови и поднаслови, има разбирлив тек и е дополнет со графици, слики и табели. Од напишаното се гледа одличното познавање на кандидатката од областа што се обработува.

Развиениот стандарден модел во рамките на докторскиот труд е научно достигнување што овозможува проценка на вкупна засенчена површина од фотоволтаичната мрежа, а со тоа и проценка за производството на електрична енергија. Моделот на сенка е потврден со помош на ARCHICAD-софтвер за визуелизација, во кој се прикажани видот и распоредот на сенки. Со него се овозможува проценка на засенчените површини на панелите во рамките на дефинираната фотоволтаична мрежа. Моделот на сенка, заедно со моделите за сончева положба, моделот на сончево зрачење и моделот на моќност е имплементиран во аналитички софтвер за анализа на призведената енергија од фотоволтаичната мрежа. Аналитичкиот софтвер, како алатка, овозможува бројни пресметки и анализи, меѓу кои се пресметување на параметрите за геометријата на положбата на сонцето, директното и дифузно сончево зрачење, моментна моќност, вредноста на енергијата за определен временски период, потоа анализа на параметрите за оптимална поставеност на панелите за поголема искористеност на зафетениот плац и одредување на фиксен агол на наклон на панелите за определен временски период. Со овој модел е анализиран ефектот на сенка врз производството на електрична енергија, со посебен акцент на влијанието на растојанијата помеѓу панелите и нивниот агол на наклон. Дел од истражувањата во докторската дисертација се објавени во меѓународно списание со фактор на влијание и во други две референтни научни публикации, што ја потврдува кредибилноста и значењето на добиените резултати.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Читкушева Димитровска со наслов „Развој на стандарден модел кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плац“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Маргарита Гиновска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Христина Спасевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Марко Чепин, член,с.р.**
**Вонр. проф. д-р Роман Голубовски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Лихнида Стојановска, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (март 2021)
## на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

### 1. Energy efficiency, environment and sustainable development (EESD) (СП 21)

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Димитар Димитров*** | Механизми за споделување на енергија од ФВ генератор во станбена зграда | Energy sharing mechanisms for collective PV self consumption in multi – apartment building | Проф. д-р Снежана Чундева | 02-452/13 од 24.3.2021 |
| 2 | ***Теодора Танова*** | Примена на нови технологии кај објекти со потрошувачка на енергија близу нула | Implementation of new technology in nearly zero energy buildings | Проф. д-р Христина Спасеска | 02-452/14 од 24.3.2021 |

### 2. Електроенергетски системи

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Ана Данчевска*** | Пазари на балансна енергија и резерви во Југоисточна Европа и нивно регионално интегрирање | Balancing Energy and Reserves Markets in South East Europe and its Regional Integration | Доц. д-р Петар Крстевски | 02-452/15 од 24.3.2021 |

### 3. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Александра Царцанидис*** | Анализа на IPv6 рутирачките протоколи EIGRPv6 и OSPFv3 и нивна меѓусебна споредба на перформанси | Analysis of IPv6 routing protocols EIGRPv6 and OSPFv3 and their performance comparison | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-452/16 од 24.3.2021 |

### 4. Автоматика, роботика и системско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Иван Андонов*** | Управување на термоелектрана со концентрирана соларна енергија преку поле од хелиостати | Control of a concentrated solar thermal power plant through a heliostat field | проф. д-р Миле Станковски | 02-452/17 од 24.3.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ***Игор Марковски*** | Развој на систем за мерење на земјотреси | Development of system for measuring earthquakes | проф. д-р Миле Станковски | 02-452/18 од 24.3.2021 |

**5. Интернет и мобилни сервиси и апликации**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Виктор Србиноски*** | Препознавање на човечки активности со помош на паметни уреди и користење на машинско учење | Activity recognition utilizing smart devices and machine learning | доц. д-р Христијан Ѓорески | 02-452/19 од 24.3.2021 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА
## ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ

1. Магистерски трудови

| Кандидат | Наслов на тема на македонски јазик | Наслов на тема на англиски јазик | Име и презиме на ментор | Датум и број на Одлика на ННУС за прифаќање на тема |
|---|---|---|---|---|
| Драгица Божиновска | Мутација и еволуција во подводниот свет и нејзините ликовни форми | Mutation and evolution in the underwater world and her art forms | Проф. м-р Благоја Маневски | бр 02-653/3-1 29.03.2021 година |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ОБЛАСТИТЕ: МУЗИКОЛОГИЈА (60900), ЕСТЕТИКА НА МУЗИКАТА (60903) И ДРУГО (СОНОЛОГИЈА СО МУЛТИМЕДИЈА) (60916) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музика уметност – Скопје, објавен во весниците *Вечер* и *Коха* од 19.2.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по областите: музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 03-175/2, донесена на 17.3.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја и проф. м-р Борјан Цанев.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по областите: музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916), во предвидениот рок се пријави кандидатката вонр. проф. д-р Трена Јорданоска.

### 1. Биографски податоци и образование

Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска е родена на 26 март 1984 година, во Скопје. Средно образование завршила во МБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, на Одделот за пијано, во класата на проф. Надежда Пожарицкаја-Пејсахова. Со високо образование се стекнала на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на Одделот за музикологија и од третата година на Одделот за сонологија. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во 2006 година, со просечен успех 9,78.

Активно се služи со македонскиот, српскиот и англискиот јазик.

Во учебната 2006/2007 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10. Во рамките на овие студии, таа ги изработила трудот „Проблеми на методологија на изработка на музичка критика во македонската музичка култура во 21 век“ и магистерскиот труд „Местото и улогата на Ладислав Палфи во појавата на професионалниот пијанизам во Македонија“.

Докторска дисертација пријавила на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во 2008/2009 година. Дисертацијата на тема: „Дигиталните медиуми и стратификацијата на музичката култура на тинејџерската популација во Скопје, главниот град на Република Македонија, во 2009 година“ ја одбранила на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, вонр. проф. д-р Петар Атанасов, вонр. проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, вонр. проф. д-р Ганка Цветанова и вонр. проф. д-р Аида Ислам. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на музички науки.

На 16 ноември 2011 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во областите: сонологија со мултимедија, естетика на музиката и социологија на музиката (референтот за избор е објавен во Билтен бр. 1018). На 13 септември 2016 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во областите: естетика на музиката, сонологија со мултимедија и музикологија.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1126 од 2016 година.

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата**

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, вонр. проф. д-р Трена Јорданоска изведува настава по предметите Естетика на музиката 1–4 (академски 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20, 2020/21) и Основи на методологија на научното истражување 1 и 2 (2016/17, 2017/18, 2018/19) на сите студиски програми на прв циклус студии, Систематска музикологија 6 (2017/18), 7 (2018/19) и 8 (2019/20, 2020/21) на студиската програма за музикологија, Социологија на музиката 1 и 2 (2020/21) на студиските програми за музикологија и етномузикологија, Сонологија со мултимедија 3 и 4 (2019/20) на студиската програма МТП, со насока сонологија со мултимедија, Музичка продукција 1 и 2 (2019/20, 2020/21) на студиските програми за популарни жанрови на прв циклус студии; Музички науки (2016/17, 2017/18) и Методологија на научното истражување (2018/19, 2019/20, 2020/21) на втор циклус студии; Истражувачки методологии применети во музичката интерпретација и докторски семинар со презентација на извештај (2019/20) на третиот циклус студии. Автор е на предметна програма од прв циклус студии за предметот Вовед во музичкиот менаџмент 1 и 2, изработена во 2017 година.

Во академската 2016/17 година, со одлуки на Сенатот на Универзитетот во Ниш, Србија, за ангажирање во звањето визитинг-професор, остварувала наставно-образовна дејност и на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш, Србија, каде што изведувала настава по предметот Анализа на музичките стилови 1 и 2 на студиската програма за музичка теорија и педагогија на основните академски студии (ОАС) и вокална литература на студиската програма за музичка теорија и педагогија на мастер академските студии (МАС). Автор е и на предметната програма за предметите Анализа на музичките стилови 1 и 2 на студиската програма за музичка теорија и педагогија (ОАС) и Естетика на музиката 1 и 2 на студиските програми за музичка теорија и педагогија и за изведувачки уметности (ОАС) на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш изработени во 2017 година.

Била ментор на една дипломска (кандидат: Емили Јањиќ Дачевиќ) и три магистерски труда (Емилија Јовческа, Катерина Стојановска-Крстевска и Ана Велиновска, на ФМУ – Скопје), и коментор на два магистерски труда (Иван М. Стојановић и Ива Јовановић, на Факултетот за уметности во Ниш).

Учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на два дипломски (кандидати: Емили Јањиќ Дачевиќ и Никола Николовски) и 10 магистерски труда (на Иван М. Стојановић и Ива Јовановиќ, одбранети на Факултет за уметности во Ниш, и на Бурхан Азири, Патриција Георгиева, Емилија Јовческа, Катерина Стојановска-Крстевска, Ана Велиновска, Мурат Исмајљи, Николче Витковски и Цветанчо Николоски, одбранети на ФМУ – Скопје) и на три докторски дисертации (на Ангеле Михајловски, Тихомир Јовиќ, Татјана Ивановска, одбранети на ФМУ – Скопје), како и на првиот дел од докторската дисертација на м-р Мимоза Ќека (11.1.2020). Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска била коментор и член на комисиите за прифаќање на темата на магистерските трудови на мастер академските студии на Милена Живковић (одбрането 2017), ментор на Димитрије Голубовић (2018), Гордана Нешић (2018), Миона Станимировић (2019) на предметот Вокална литература, и коментор на Јована Минић (2019) и Бојана Милошевић (2019) на предметот Контрапункт. Од октомври 2020 година, вонр. проф. д-р Трена Јорданоска е член на комисиите на годишните конференции на третиот циклус студии на кандидатите од подрачјето на хуманистичките науки и уметностите, како претставник од Стручниот совет за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Јорданоска има објавено вкупно 12 научни трудови од областа на музикологијата, социологијата и естетиката на музиката, од кои една монографија во 2020 година, *Музички клуч – Белешки за првите македонски пијаноштимери*. Скопје: Факултет за музичка уметност

(рецензирана во меѓународно научно списание, DOI 10.5937/artefact6-30073 и индексирана во RILM), три оригинални научни труда во меѓународни научни списанија (индексирани во DOAJ, RILM/во состав на базите на EBSCO, ERIH, SCIndeks и dLib.si), еден труд во научно/стручно списание, седум труда во зборници од меѓународни научни собири (индексирани во RILM и CEEOL) и автор е на три рецензии за научни монографии.

Во продолжение се дадени насловите на трудовите во научни списанија:

1) (Trena Jordanoska in Arnisa Rexhepi) 2016. "Otroške glasbene igre na Kosovu." *Glasba v šoli in vrtcu*, letnik XIX, št. 3–4, 15–24.
2) 2017. „Rekonstrukcija pionirske delatnosti Ladislava Palfija u razvoju makedonskog pijanizma." *Artefact*, Vol. 3, Br. 1, 1–19. DOI: 10.5937/artefact3-12066
3) 2017. „Кога ѕвездите ќе се сложат." *Културен живот*, LXI, 70–73.
4) 2019. „Od *Večerinki* do Nokturna, Kodifikacija tradicije u savremenost." *Artefact*, Vol. 5, Br. 1, 1–29. DOI: 10.5937/artefact5-22084

Следните седум труда се објавени во зборници од меѓународни научни собири:

1) 2016. „Muzika u studentskim protestima i *autonomnoj zoni* u Makedoniji, novembar 2014 – februar 2015. godine." *Balkan Art Forum (BARTF), Treći nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi, Zbornik radova sa naučnog skupa (Niš, 9–10. oktobar 2015)*, urednik Nataša Nagorni Petrov, 53–79. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.
2) 2016. „Muzak – prostorna muzika." *Традиционална естетска култура, Простор*, уредник Драган Жунић, 285–295. Ниш: САНУ, Огранак, Центар за научноистражувачки рад САНУ и Универзитета у Нишу, Факултет уметности у Нишу.
3) (D. Bužarovski, T. Jordanoska, D. Tomić i I. Jovanović) 2017. „Panel diskusija – Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Istraživanje repertoara mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini." *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*, urednik Nataša Nagorni Petrov, 207–238. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.
4) 2019. "The Shift in the Idioms of Macedonian Music Culture during the Balkan Wars and World War I." In *Prvi svjetski rat (1914.-1918.) i glazba - skladateljske strategije, izvedbene prakse i društveni utjecaji / The Great War (1914-1918) and music - compositional strategies, performing practices, and social impacts, (Serija Muzikološki zbornici / Series Musicological proceedings, br. 21)*, urednici/editors Stanislav Tuksar, Monika Jurić Janjik, 113–136. Croatian Musicological Society / Hrvatsko muzikološko društvo.
5) 2019. „Dinamika promena: tinejdžeri – muzika – mediji." *Традиционална естетска култура, Медији*, уредник Драган Жунић, 133–144. Ниш: САНУ, Огранак САНУ у Нишу, Универзитет у Нишу, Факултет уметности у Нишу.
6) (Dimitrije Bužarovski, Milena Đurković-Pantelić, Trena Jordanoska). 2020. „Refleksija društvenog i kulturnog okruženja u muzici za predstave pozorišta u Šapcu i Bitolju u periodu 1950–1990. godine." *Od mobilnosti do interakcije. Dramsko pismo i kazalište u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji*, urednici Leszek Małczak, Gabriela Abrasowicz, 65–93. Katowice: Wydawnictwo Uniwersytetu Śląskiego. DOI: 10.31261/PN.3977.06
7) 2020. „Muzika u praksi – metafora, percepcija, simbolizam." *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percepcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019)*, urednik Marko S. Milenković, 11–23. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu, Srpska akademija nauka i umetnosti, Ogranak SANU u Nišu.

Овде посебно се издвојува музиколошкиот зборник *Првата светска војна (1914-1918) и музиката. Композиторски стратегии, изведувачки практики и општествени влијанија*, од истоимената конференција која се одржа во Хрватскиот институт за историја во Загреб, во

периодот од 24 до 27 октомври 2017 година, каде што д-р Јорданоска учествуваше со трудот „Промената на идиомите на македонската музичка култура во текот на Балканските војни и Првата светска војна“. Оваа многу значајна конференција, во која учество земаа над 40 водечки музиколози и историчари од целиот свет, меѓу кои американскиот музиколог Ричард Тарускин и ирскиот музиколог Хери Вајт, и цела низа водечки музиколози од земјите од поранешна Југославија (Станислав Туксар, Вјера Каталиниќ, Корaљка Кос итн.), земјите од Европа и САД, беше во организација на Хрватското музиколошко друштво, Хрватскиот институт за историја, и Одделот за историја на хрватската музика при Хрватската академија на науките и уметностите.

Таа била рецензент на следниве научни монографии:
1) Гагић, Весна Весна Црногорац. 2016. *Хорске свечаности: Библиотека целина Факултета уметности у Нишу*. Ниш: Универзитет у Нишу, Факултет уметности. ISBN 978-86-85239-35-9
2) Bužarovski, Dimitrije. 2016. *Sociologija muzike*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. ISBN 978-86-85239-40-3
3) (Kolarovska-Gmirja, Viktorija i Trena Jordanoska). 2020. „Monografija *Od Šećerna do Despina Dimitrija* Bužarovskog.” *Artefact* 6/1: 83–85. DOI 10.5937/artefact6-30071

Во периодот 2016 – 2021 година била рецензент на трудови објавувани во зборниците на *Balkan Art Forum (BARTF)* и на списанијата *Artefact* i *Facta Universitatis, Series*.

Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска има одржана едно пленарно предавање и седум секциски предавања на меѓународни научни собири:

1) (пленарно) 2019. Muzika u praksi – metafora, percepcija, simbolizam. *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percepcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019)*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu, Srpska akademija nauka i umetnosti, Ogranak SANU u Nišu.
2) 2016. Panel diskusija – Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Metodološki aspekti istraživanja repertoara mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini. *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.
3) 2016. Estetika ružnog u muzici XX veka. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 11: lepo i ružno, 18.11*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu.
4) 2017. Od *Večerinki* do Nokturna, Kodifikacija tradicije u savremenost. *Balkan Art Forum (BARTF), V nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetničko nasleđe, savremeno stvaralaštvo i obrazovanje ukusa, (Niš, 6–7. oktobar 2017)*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.
5) 2017. The Shift of the Idioms of Macedonian Musical Culture during the Balkan Wars and World War I. *13th International Musicological Conference The Great War 1914-1918 and Music. Compositional Strategies, Performing Practices, and Social Impacts/13. Međunarodni znanstveni skup Prvi svjetski rat (1914.-1918.) i glazba. Skladateljske strategije, izvedbene prakse i društveni utjecaji. Zagreb, 24-27 October 2017/24-27. listopada 2017*. Croatian Musicological Society, Croatian Institute for History, Department for History of Croatian Music of the Croatian Academy of Sciences and Arts/ Hrvatsko muzikološko društvo, Hrvatski institut za povijest, Odsjek za povijest hrvatske glazbe HAZU.
6) 2017. Muzika i retorika. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 12: Beseda, 10.11*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu.
7) (Dimitrije Bužarovski, Milena Đurković-Pantelić, Trena Jordanoska). 2018. Refleksija društvenog i kulturnog okruženja u muzici za predstave pozorišta u Šapcu i Bitolju u periodu 1950–1990. godine. *Međunarodna naučno-umetnička konferencija OD MOBILNOSTI DO INTERAKCIJE. (Re)vizije dramskog pisma i pozorišta u Jugoslaviji i nove dramsko-pozorišne produkcije u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji/ OD MOBILNOŚCI DO INTERAKCJI. (Re)wizje*

*dramatu i teatru w Jugosławii oraz nowej produkcji dramatopisarsko-teatralnej w Bośni i Hercegowinie, Chorwacji, Czarnogórze, Kosowie, Macedonii, Serbii i Słowenii. 07.-09.11.2018.*, Sosnovjec, Katovice. Sosnovjec, Uniwersytet Śląski, Wydział Filologiczny/ Filološki fakultet.
8) (Dimitrije Bužarovski, Trena Jordanoska). 2019. Historical fictions as false identity: Wagner in Bitola. *Historical Fictions Research Conference (HFRN 2019)*. Manchester Central Library, February 22nd and 23rd 2019.

Д-р Јорданоска учествувала во следниве научни проекти:

1) Изработка на каталогот за мелограмите од *Легатот Васил Хаџиманов* и негово поврзување со *Колекцијата Пенушлиски*“, BuzAr (2017/18)
2) Изработка на документарно видео за доајенот на македонската народна музика Благоја Дескоски, BuzAr (2019/20)
3) Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu (2016).

Таа е автор на осум поголеми видеопроекти во видеохрониката на Архивот Бужаровски, како и на видео по повод денот на ФМУ во 2020 година:

1) 26.12.2016. Документарно видео за 20-годишнината од првиот настап на Меѓународниот студентски симфониски оркестар на ФМУ – Скопје.
2) 15.5.2017. Промоција на радиоемисија и документарно видео за студентите по пијано на ФМУ – Скопје.
3) 18.4.2018. Промоција на документарните видеа за Архив Бужаровски, *Колекцијата Пенушлиски* и Каталогот за мелограмите од *Легатот Васил Хаџиманов.*
4) 14.5.2018. Промоција на радиоемисија и документарно видео „Музичко дружење со студентите по дувачки и гудачки инструменти и гитара од ФМУ – Скопје“.
5) 27.5.2019. Промоција на видеоспот Д. Бужаровски, Ноктурно „Не си го продавај Кољо чифликот“, Мимоза Ќека – пијано, и радиоемисија и документарно видео „Студирам музика во 21 век“.
6) 24.1.2020. 20 години на архивот БузАр 2000–2020 и промоција на документарното видео за доајенот на македонската народна музика Благоја Дескоски.
7) 4.9.2020. 20 години ИРАМ/БузАр, одбележување и документарно видео со промоција на две книги.
8) 1.10.2020. 20 години на програмата за Сонологија и Сонологија со мултимедија при ФМУ.
9) 7.12.2020. Видео по повод денот на ФМУ.

Била ментор на 3 и коментор на 2 магистерски труда (наведени во наставно-образовната дејност). Во моментов е ментор на тројца кандидати на трет циклус студии (м-р Агрон Шујаку, м-р Агона Чупи и м-р Тоше Поп Лазаров).

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска ја прави стручната редакција и е автор на целосното ликовно и графичко обликување на научните монографии:

1) Bužarovski, Dimitrije. 2016. *Sociologija muzike*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.
2) Бужаровски, Димитрије. 2020. *Од Шеќерна до Деспина*. Скопје: Факултет за музичка уметност.
3) Јорданоска, Трена. 2020. *Музички клуч – Белешки за првите македонски пијаноштимери*. Скопје: Факултет за музичка уметност.
4) Бужаровски, Дамјан. 2020. *Семејството Бундалевци*. Скопје: авторот.

Д-р Јорданоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за музичка уметност во Скопје, редовно е вклучена во промотивните активности на Факултетот за музичка уметност во Скопје, од септември 2018 година учествува во организација на сите концерти и други јавни настапи на ФМУ, го има подготвено текстот и целосното обликување на делот за ФМУ во монографијата издадена по повод 70 години УКИМ (2019), администратор за ФМУ на Репозиториумот на трудови на УКИМ, и го одржува YouTube-каналот на ФМУ.

Одговорна е и за дизајнирањето и одржувањето на интернет-страницата buzar.mk. Во рамките на архивот ја прави стручната редакција на делот Music Reviews / Осврти на музички настани (http://buzar.mk/MusicReviews.html).

Особена активност покажува во дејностите од поширок интерес.

Од 2015 година, таа е член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: *Facta Universitatis, Series Visual Arts and Music*.

Член е на програмскиот одбор на Меѓународниот научен собир *Balkan Art Forum (BARTF)* за 2017, 2018, 2019 и 2020 година.

Добитник е на наградата за најдобар научник на УКИМ за 2019 година.

Од 30 октомври 2019 година, таа е раководител на Катедрата за музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање.

Д-р Јорданоска е активно вклучена во работата на Комисијата за култура и спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (од 19.11.2018 до 1.10.2020).

Од 30 октомври 2020 година, таа е член на Стручниот совет за докторски студии на УКИМ.

Активно е вклучена во работата на повеќе стручни комисии и работни групи при ФМУ – Скопје, меѓу кои се:

- член на Работна група за координирање на активностите кои произлегуваат од тековното работење на Факултетот за музичка уметност, посебно во високообразовната, научноистражувачката, уметничката и апликативната дејност (одлуки бр. 02-547/1 од 16.8.2018 и бр. 02-109/1 од 12.2.2019);
- член на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на ФМУ (записник од седница на ННУС на 13.6.2018, одлуки бр. 02-417/1 од 5.6.2019, бр. 02-325/1 од 23.6.2020);
- претседател на пописна комисија на ФМУ (одлуки бр. 02-1043/1 од 21.12.2018 и бр. 02-875/1 од 19.12.2019);
- член на Комисија за јавни набавки на ФМУ (Решение бр. 02-827/1 од 25.10.2018);
- Комисија за печати на ФМУ (Одлука бр. 02-661/2 од 22.10.2019);
- Листа на посредници на ФМУ за заштита на вработените од вознемирување на работното место (бр. 02-559/1 од 21.8.2018).

Во периодот 2019 – 2020 била претседател на Управниот одбор на НУ Филхармонија на РСМ (Решение бр. 44-10624/2 од 24.9.2019).

Д-р Трена Јорданоска, почнувајќи од 2007 година, е претставник на Националниот комитет на Македонија во РИЛМ (http://www.rilm.org/globalNetwork/country.php?country=Macedonia) со внесени над 70 апстракти на трудови од областа на музичките науки во периодот помеѓу двата конкурса.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Трена Јорданоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Трена Јорданоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор по областите: музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916).

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, д-р Трена Јорданоска да биде избрана во звањето редовен професор по областите: музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димитрије Бужаровски, с.р.**
**Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, с.р.**
**Проф. м-р Борјан Цанев, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Трена Дафина Јорданоска

**Институција:**
Факултет за музичка уметност – Скопје

**Научни области:**
музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: музички науки, поле – музички уметности, подрачје – хуманистички науки и уметности. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| (3.2) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: *Artefact*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Македонија (1), БиХ (1), Хрватска (2), Република Српска (1), Црна Гора (1), Словенија (1), Бугарија (1), Норвешка (1), САД (1), Австралија (1), Србија (10)<br>3. Наслов на трудот: „Od *Večerinki* do Nokturna, Kodifikacija tradicije u savremenost”<br>4. Година на објава: 2019 | 1 |
| (3.3) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: *Glasba v šoli in vrtcu*<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Slovenija<br>3. Наслов на трудот: “Otroške glasbene igre na Kosovu”<br>4. Година на објава: 2016 | 2 |
| (3.5) | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | 3 |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: *Balkan Art Forum (BARTF), Treći nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi, Zbornik radova sa naučnog skupa (Niš, 9–10. oktobar 2015)*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *Balkan Art Forum (BARTF) Niš, 9–10 oktobar 2015, Treći naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi*<br>3. Имиња на земјите: Србија, Република Српска, Македонија, Словенија, Бугарија<br>4. Наслов на трудот: „Muzika u studentskim protestima i *autonomnoj zoni* u Makedoniji, novembar 2014 – februar 2015. godine”<br>5. Година на објава: 2016 | |
| (3.5) | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*<br>3. Имиња на земјите: Србија, Република Српска, Македонија, Словенија, Бугарија<br>4. Наслов на трудот: „Panel diskusija – Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Istraživanje repertoara mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini”<br>5. Година на објава: 2017 | 4 |
| (3.5) | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *Od mobilnosti do interakcije. Dramsko pismo i kazalište u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *Međunarodna naučno-umetnička konferencija OD MOBILNOSTI DO INTERAKCIJE. (Re)vizije dramskog pisma i pozorišta u Jugoslaviji i nove dramsko-pozorišne produkcije u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji/ OD MOBILNOŚCI DO INTERAKCJI. (Re)wizje dramatu i teatru w Jugosławii oraz nowej produkcji dramatopisarsko-teatralnej w Bośni i Hercegowinie, Chorwacji, Czarnogórze, Kosowie, Macedonii, Serbii i Słowenii. 07.-09.11.2018., Sosnovjec, Katovice*<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Полска, Словачка, БиХ, Македонија<br>4. Наслов на трудот: „Refleksija društvenog i kulturnog okruženja u muzici za predstave pozorišta u Šapcu i Bitolju u periodu 1950–1990. godine”<br>5. Година на објава: 2020 | 5 |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| (3.5) | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percerpcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019)*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percepcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019)*<br>3. Имиња на земјите: Србија, Русија, Република Српска, БиХ, Македонија, Словенија, Бугарија, Египет<br>4. Наслов на трудот: „Muzika u praksi – metafora, percepcija, simbolizam”<br>5. Година на објава: 2020 | 6 |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: *Музички клуч – Белешки за првите македонски пијаноштимери*<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2020 година | да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1 јули 2016 година, Број 1126 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Димитрије Бужаровски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, член, с.р.**
**Проф. м-р Борјан Цанев, член, с.р.**

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

*** Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

# О Б Р А З Е Ц 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Трена Дафина Јорданоска

**Институција:**
Факултет за музичка уметност – Скопје

**Научни области:**
музикологија (60900), естетика на музиката (60903) и друго (сонологија со мултимедија) (60916)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Естетика на музиката 1, 2 на 1. циклус студии во 2016/17 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |
| 2 | Естетика на музиката 3, 4 на 1. циклус студии во 2016/17 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |
| 3 | Основи на методологија на научното истражување 1, 2 на 1. циклус студии во 2016/17 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 4 | Музички науки на 2 циклус студии во 2016/17 (2 кандидата) | 3 |
| 5 | Естетика на музиката 1, 2 на 1. циклус студии во 2017/18 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |
| 6 | Естетика на музиката 3, 4 на 1. циклус студии во 2017/18 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |
| 7 | Основи на методологија на научното истражување 1, 2 на 1. циклус студии во 2017/18 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 8 | Систематска музикологија 6 на 1. циклус студии во 2017/18 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 9 | Музички науки на 2. циклус студии во 2017/18 (1 кандидат) | 1.5 |
| 10 | Естетика на музиката 1, 2 на 1. циклус студии во 2018/19 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 11 | Естетика на музиката 3, 4 на 1. циклус студии во 2018/19 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 12 | Основи на методологија на научното истражување 1, 2 на 1. циклус студии во 2018/19 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 13 | Методологија на научното истражување на 2. циклус во 2018/19 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 3 |
| 14 | Систематска музикологија 7 на 1. циклус студии во 2018/19 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 15 | Естетика на музиката 1, 2 на 1. циклус студии во 2019/20 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |
| 16 | Естетика на музиката 3, 4 на 1. циклус студии во 2019/20 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 17 | Систематска музикологија 8 на 1. циклус студии во 2019/20 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 18 | Сонологија со мултимедија 3, 4 на 1. циклус студии во 2019/20 година (2 семестра x 4 часа неделно) | 4.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Музичка продукција 1, 2 на 1. циклус студии во 2019/20 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 2.4 |
| 20 | Методологија на научното истражување на 2. циклус студии во 2019/20 година (2 семестра x 2 часа неделно) | 3 |
| 21 | Истражувачки методологии применети во музичката интерпретација на 3. циклус студии во 2019/20 година | 1.8 |
| 22 | Докторски семинар со презентација на извештај на 3. циклус студии во 2019/20 (2 кандидата на музичка интерпретација) | 3.6 |
| 23 | Естетика на музиката 1 на 1. циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 4 часа неделно) | 2.4 |
| 24 | Естетика на музиката 3 на 1. циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 4 часа неделно) | 2.4 |
| 25 | Социологија на музиката 1 на 1. циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 26 | Музичка продукција 1 на 1. циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 27 | Систематска музикологија 8 на 1. циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.2 |
| 28 | Методологија на научното истражување на 2 циклус студии во 2020/21 година (1 семестар x 2 часа неделно) | 1.5 |
| 29 | Консултации со студенти во академските 2016/17, 2017/18, 2018/19, 2019/20, 2020/21 (9 семестри) (80 студенти во семестар) | 1.44 |
| 30 | Предметна програма од прв циклус студии – Вовед во музичкиот менаџмент 1 и 2 на Факултетот за музичка уметност во Скопје, 2017 година | 1 |
| 31 | Предметна програма од прв циклус студии на студиските програми за музичка теорија и педагогија: анализа на музичките стилови 1 и 2; и на музичка теорија и педагогија и изведувачки уметности: естетика на музиката 1 и 2 (ОАС) на Факултетот за уметности при Универзитетот во Ниш во 2017 година | 2 |
| 32 | Ментор на дипломска работа<br>Емили Јањиќ Дачевиќ (Музикологија, 25.2.2020) | .2 |
| 33 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа<br>Емили Јањиќ Дачевиќ (Музикологија, 25.2.2020)<br>Никола Николовски (Етномузикологија, 12.2.2021) | .2 |
| 34 | Член на комисија за одбрана на магистерски-мастер труд:<br>Иван М. Стојановић (Вокална литература, 2016)<br>Ива Јовановић (Вокална литература, 2016)<br>Бурхан Азири (Музички науки, 2016)<br>Патриција Георгиева (Музички науки, 2017)<br>Емилија Јовческа (Музички науки, 2018)<br>Катерина Стојановска-Крстевска (Музички науки, 2018)<br>Ана Велиновска (Музички науки, 2018)<br>Мурат Исмајљи (Музички науки, 2018)<br>Николче Витковски (Музички науки, 2019)<br>Цветанчо Николоски (Музички науки, 2020) | 3 |
| 35 | Член на комисија за одбрана на докторат:<br>Ангеле Михајловски (2019)<br>Тихомир Јовиќ (2017)<br>Татјана Ивановска (2017) | 2.1 |
| | **Вкупно** | 84.94 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерски труд:**<br>ФМУ (Музички науки): Емилија Јовческа (2018), Катерина Стојановска-Крстевска (2018), Ана Велиновска (2018) | 6 |
| 2 | **Коментор на магистерски труд:**<br>ФУ (ОМП, Вокална литература): Иван М. Стојановиќ (2016), Ива Јовановиќ (2016) | 2 |
| | **Учесник во национален научен проект:** | |
| 3 | 2017/18. Изработка на каталогот за мелограмите од *Легатот Васил Хаџиманов* и негово поврзување со *Колекцијата Пенушлиски*. | 3 |
| 4 | 2019/20. Изработка на документарно видео за доајенот на македонската народна музика Благоја Дескоски. | 3 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект:** | |
| 5 | 2016. Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini. Predstavljen u okviru *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. | 5 |
| 6 | **Монографија:**<br>2020. *Музички клуч – Белешки за првите македонски пијаноштимери*. Скопје: Факултет за музичка уметност.<br>ISBN 978-9989-2381-5-4<br>COBISS.MK-ID – 51794437<br>Индексирано во: RILM<br>Рецензирано во: Bužarovski, Dimitrije i Viktorija Kolarovska-Gmirja. 2020. „Monografija *Muzički ključ* Trene Jordanoske.” *Artefact* 6/1: 81–82.<br>DOI 10.5937/artefact6-30073 | 8 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:** | |
| 7 | 2017. „Rekonstrukcija pionirske delatnosti Ladislava Palfija u razvoju makedonskog pijanizma.” *Artefact*, Vol. 3, Br. 1, 1–19.<br>DOI: 10.5937/artefact3-12066<br>UDK 786.2 (497.17) L.Palfi<br>Индексирано во: DOAJ, RILM, ERIH, SCIndeks | 5 |
| 8 | 2019. „Od *Večerinki* do *Nokturna*, Kodifikacija tradicije u savremenost.” *Artefact*, Vol. 5, Br. 1, 1–29.<br>DOI: 10.5937/artefact5-22084<br>UDK 78.083.4:786.2 Bužarovski D.<br>Индексирано во: DOAJ, RILM, ERIH, SCIndeks | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:** | |
| 9 | (Trena Jordanoska in Arnisa Rexhepi) 2016. “Otroške glasbene igre na Kosovu.” *Glasba v šoli in vrtcu*, letnik XIX, št. 3–4, 15–24.<br>ISSN 1854-9721<br>Индексирано во: RILM, dLib.si | 4.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:** | |
| 10 | 2016. „Muzika u studentskim protestima i *autonomnoj zoni* u Makedoniji, novembar 2014 – februar 2015. godine.” *Balkan Art Forum (BARTF), Treći nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Kriza u umetnosti – umetnost u krizi, Zbornik radova sa naučnog skupa (Niš, 9–10. oktobar 2015)*, urednik Nataša Nagorni Petrov, 53–79. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.<br>ISBN 978-86-85239-41-0<br>UDK 78+316.485.22”2014/2015”(497.7)<br>Индексирано во: RILM | 5 |
| 11 | (D. Bužarovski, T. Jordanoska, D. Tomić i I. Jovanović) 2017. „Panel diskusija – Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Istraživanje repertoara mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini.” *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*, urednik Nataša Nagorni Petrov, 207–238. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.<br>ISBN 978-86-85239-47-2<br>ISBN 978-86-85239-50-2 (elektronski izvor)<br>UDK 78.087.684 (497.11) “2015”<br>Индексирано во: RILM | 3 |
| 12 | (Dimitrije Bužarovski, Milena Đurković-Pantelić, Trena Jordanoska). 2020. „Refleksija društvenog i kulturnog okruženja u muzici za predstave pozorišta u Šapcu i Bitolju u periodu 1950–1990. godine.” *Od mobilnosti do interakcje. Dramsko pismo i kazalište u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji*, urednici Leszek Małczak, Gabriela Abrasowicz, 65–93. Katowice: Wydawnictwo Uniwersytetu Śląskiego.<br>DOI: 10.31261/PN.3977.06<br>ISBN 978-83-226-3978-8<br>Indexed in: RILM, CEEOL | 4 |
| 13 | 2020. „Muzika u praksi – metafora, percepcija, simbolizam.” *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percepcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019)*, urednik Marko S. Milenković, 11–23. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu, Srpska akademija nauka i umetnosti, Ogranak SANU u Nišu.<br>ISBN 978-86-85239-76-2<br>UDK 781.1/.68<br>Индексирано во: RILM | 5 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание:** | |
| 14 | 2017. „Кога ѕвездите ќе се сложат.“ *Културен живот*, LXI, 70–73.<br>ISSN 0047-3731 | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:** | |
| 15 | 2016. „Muzak – prostorna muzika.” *Традиционална естетска култура, Простор*, уредник Драган Жунић, 285–295. Ниш: САНУ, Огранак, Центар за научноистраживачки рад САНУ и Универзитета у Нишу, Факултет уметности у Нишу.<br>ISBN 978-86-7025-585-2<br>UDK 78.083.4 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Индексирано во: RILM | |
| 16 | 2019. “The Shift in the Idioms of Macedonian Music Culture during the Balkan Wars and World War I.” In *Prvi svjetski rat (1914.-1918.) i glazba - skladateljske strategije, izvedbene prakse i društveni utjecaji / The Great War (1914-1918) and music - compositional strategies, performing practices, and social impacts, (Serija Muzikološki zbornici / Series Musicological proceedings, br. 21)*, urednici/editors Stanislav Tuksar, Monika Jurić Janjik, 113–136. Croatian Musicological Society / Hrvatsko muzikološko društvo.<br>ISBN 978-953-6090-64-8<br>UDK/UDC: 78(497.7)“191“<br>Indexed in: RILM | 2 |
| 17 | 2019. „Dinamika promena: tinejdžeri – muzika – mediji.” *Традиционална естетска култура, Медији*, уредник Драган Жунић, 133–144. Ниш: САНУ, Огранак САНУ у Нишу, Универзитет у Нишу, Факултет уметности у Нишу.<br>ISBN 978-86-85239-66-3 (САНУ)<br>UDK 004.032.6:316.7):78<br>Индексирано во: RILM | 2 |
| | **Рецензија на монографија или превод на капитално дело /речник/ енциклопедија:** | |
| 18 | Гагић, Весна и Весна Црногорац. 2016. *Хорске свечаности: Библиотека целина Факултета уметности у Нишу*. Ниш: Универзитет у Нишу, Факултет уметности.<br>ISBN 978-86-85239-35-9 | .5 |
| 19 | Bužarovski, Dimitrije. 2016. *Sociologija muzike*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu.<br>ISBN 978-86-85239-40-3 | .5 |
| 20 | (Kolarovska-Gmirja, Viktorija i Trena Jordanoska). 2020. „Monografija *Od Šećerna do Despina* Dimitrija Bužarovskog.” *Artefact* 6/1: 83–85.<br>DOI 10.5937/artefact6-30071 | .45 |
| | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:** | |
| 21 | 2019. Muzika u praksi – metafora, percepcija, simbolizam. *Balkan Art Forum (BARTF), VII nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Metafora, percepcija i simbolizam, (Niš, 4–5. oktobar 2019).* Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu, Srpska akademija nauka i umetnosti, Ogranak SANU u Nišu. | 3 |
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество:** | |
| 22 | 2016. Panel diskusija – Repertoar mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini, Metodološki aspekti istraživanja repertoara mešovitih horova u Srbiji u 2015. godini. *Balkan Art Forum (BARTF), IV nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetnost i kultura danas: Igra kao antropološki, estetički i pedagoški princip, (Niš, 7–8. oktobar 2016)*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. | 2 |
| 23 | 2016. Estetika ružnog u muzici XX veka. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 11: lepo i ružno*, 18.11. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu. | 2 |
| 24 | 2017. Od *Večerinki* do Nokturna, Kodifikacija tradicije u savremenost. *Balkan Art Forum (BARTF), V nacionalni naučni skup sa međunarodnim učešćem Umetničko nasleđe, savremeno stvaralaštvo i obrazovanje ukusa, (Niš, 6–7. oktobar 2017).* Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. | 2 |
| 25 | 2017. The Shift of the Idioms of Macedonian Musical Culture during the Balkan Wars and World War I. *13th International Musicological Conference The Great War 1914-1918 and Music. Compositional Strategies, Performing Practices, and* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Social Impacts/13. Međunarodni znanstveni skup Prvi svjetski rat (1914.-1918.) i glazba. Skladateljske strategije, izvedbene prakse i društveni utjecaji. Zagreb, 24-27 October 2017/24-27. listopada 2017*. Croatian Musicological Society, Croatian Institute for History, Department for History of Croatian Music of the Croatian Academy of Sciences and Arts/ Hrvatsko muzikološko društvo, Hrvatski institut za povijest, Odsjek za povijest hrvatske glazbe HAZU. | |
| | 2017. Muzika i retorika. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 12: Beseda*, 10.11. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu. | 2 |
| 26 | (Dimitrije Bužarovski, Milena Đurković-Pantelić, Trena Jordanoska). 2018. Refleksija društvenog i kulturnog okruženja u muzici za predstave pozorišta u Šapcu i Bitolju u periodu 1950–1990. godine. *Međunarodna naučno-umetnička konferencija OD MOBILNOSTI DO INTERAKCIJE. (Re)vizije dramskog pisma i pozorišta u Jugoslaviji i nove dramsko-pozorišne produkcije u Bosni i Hercegovini, Crnoj Gori, Hrvatskoj, na Kosovu, u Makedoniji, Sloveniji i Srbiji/ OD MOBILNOŚCI DO INTERAKCJI. (Re)wizje dramatu i teatru w Jugosławii oraz nowej produkcji dramatopisarsko-teatralnej w Bośni i Hercegowinie, Chorwacji, Czarnogórze, Kosowie, Macedonii, Serbii i Słowenii. 07.-09.11.2018., Sosnovjec, Katovice*. Sosnovjec, Uniwersytet Śląski, Wydział Filologiczny/ Filološki fakultet. | 1.6 |
| 27 | (Dimitrije Bužarovski, Trena Jordanoska). 2019. Historical fictions as false identity: Wagner in Bitola. *Historical Fictions Research Conference (HFRN 2019)*. Manchester Central Library, February 22nd and 23rd 2019. | 1.8 |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција:** | |
| 28 | 2016. Estetika ružnog u muzici XX veka. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 11: lepo i ružno*, 18.11. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu. | 1 |
| 29 | 2017. Muzika i retorika. *Naučni simpozijum: Tradicionalna estetska kultura 12: Beseda*, 10.11. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu/Centar za naučnoistraživački rad SANU i Univerziteta u Nišu. | 1 |
| 30 | (Dimitrije Bužarovski, Trena Jordanoska). 2019. Historical fictions as false identity: Wagner in Bitola. *Historical Fictions Research Conference (HFRN 2019)*. Manchester Central Library, February 22nd and 23rd 2019. | .9 |
| | **Вкупно** | 88.25 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **BuzAr хроника на филмови:** | |
| 1 | 26.12.2016. Документарно видео за 20-годишнината од првиот настап на Меѓународниот студентски симфониски оркестар на ФМУ – Скопје | 4 |
| 2 | 15.5.2017. Промоција на радиоемисија и документарно видео за студентите по пијано на ФМУ – Скопје | 4 |
| 3 | 18.4.2018. Промоција на документарните видеа за Архив Бужаровски, *Колекцијата Пенушлиски* и Каталогот за мелограмите од Легатот Васил Хаџиманов | 4 |
| 4 | 15.5.2018. Промоција на радиоемисија и документарно видео „Музичко дружење со студентите по дувачки и гудачки инструменти и гитара од ФМУ – Скопје“ | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | 27.5.2019. Промоција на видеоспот Д. Бужаровски, Ноктурно „Не си го продавај Kољо чифликот“, Мимоза Ќека – пијано, и радиоемисија и документарно видео „Студирам музика во 21 век“ | 4 |
| 6 | 24.1.2020. 20 години на архивот БузАр 2000–2020 и промоција на документарното видео за доајенот на македонската народна музика Благоја Дескоски | 4 |
| 7 | 4.9.2020. 20 години ИРАМ/БузАр, одбележување и документарно видео со промоција на две книги | 4 |
| 8 | 1.10.2020. 20 години на програмата за Сонологија и Сонологија со мултимедија при ФМУ | 4 |
| 9 | 7.12.2020. Видео по повод денот на ФМУ | 4 |
| | **Вкупно** | 36 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Стручна редакција и целосно ликовно и графичко обликување на монографски публикации и авторски книги за домашни и странски издавачи (како автор):** | |
| 1 | Dijagrame, indeks i oprema knjige: Bužarovski, Dimitrije. 2016. *Sociologija muzike*. Univerzitet u Nišu, Fakultet umetnosti u Nišu. | 2 |
| 2 | Графичко уредување на монографијата: Бужаровски, Димитрије. 2020. *Од Шеќерна до Деспина*. Скопје: Факултет за музичка уметност. | 2 |
| 3 | Графичко уредување на монографијата: Јорданоска, Трена. 2020. *Музички клуч – Белешки за првите македонски пијанoштимери*. Скопје: Факултет за музичка уметност. | 2 |
| 4 | Графичко уредување на монографијата: Бужаровски, Дамјан. 2020. *Семејството Бундалевци*. Скопје: авторот. | 2 |
| | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот:** | |
| 5 | Одговорно лице (администратор) на Репозиториумот на трудови на УКИМ (од 27.4.2018) | .5 |
| 6 | Учесник во дизајнирање и одржување на сајтот buzar.mk | 1 |
| 7 | Стручна редакција на Music Reviews / Осврти на музички настани (http://buzar.mk/MusicReviews.html) | .5 |
| 8 | Текст и целосно обликување на делот за ФМУ во монографијата издадена по повод 70 години УКИМ (2019) | .5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание:** | |
| 9 | 2015–, член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: *Facta Universitatis, Series Visual Arts and Music*. | 1 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:** | |
| 10 | 2017, член на програмски одбор на БАРТФ 2017, 2018, 2019, 2020. | 4 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација:** | |
| 11 | 10.11.2020, Награда за најдобар научник на УКИМ за 2019 година. http://www.ukim.edu.mk/mk_vest.php?v_id=337 | 3 |
| | **Раководител на внатрешна организациона единица:** | |
| 12 | Раководител на Катедра за музичка теорија и педагогија, музикологија, композиција и диригирање (од 30.10.2019) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на универзитетска комисија:** | |
| 13 | Член на Комисијата за култура и спорт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (од 19.11.2018 до 1.10.2020) | 1 |
| 14 | 30.10.2020, член на Стручен совет за докторски студии | 1 |
| | **Член на факултетска комисија:** | |
| 15 | Член на Работна група на Факултетот за музичка уметност (од 16.8.2018; и 12.2.2019) | 1 |
| 16 | Член на Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на ФМУ (академска 2018/2019; 2019/2020; 2020/2021) | 1.5 |
| 17 | Претседател на пописна комисија на ФМУ (за 2018 и за 2019) | 1 |
| 18 | Член на комисија за јавни набавки на ФМУ (од 25.10.2018) | .5 |
| 19 | Комисија за печати на ФМУ (22.10.2019) | .5 |
| 20 | Листа на посредници на ФМУ за заштита на вработените од вознемирување на работното место (од 21.8.2018) | .5 |
| | **Претседател на здружение поврзано со струката:** | |
| 21 | Претседател на Управниот одбор на НУ Филхармонија на РСМ (2019/2020) | 2 |
| 22 | Претставник во националниот комитет на Македонија во РИЛМ/RILM National Committee of Macedonia (од 2007 до денес), со внесени над 70 апстракти http://www.rilm.org/globalNetwork/Macedonia.html | 2 |
| | **Вкупно** | 32.5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 84,94 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 88,25 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 36 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 32,5 |
| **Вкупно** | 241,69 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Димитрије Бужаровски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, член, с.р.**
**Проф. м-р Борјан Цанев, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

## 3. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Огнен Поцков | „ Временската и модалната вредност на идното време во францускиот, во македонскиот и во албанскиот јазик“ | „The temporal and modal value of the future tense in French, Macedonian and Albanian language“ | проф. д-р Јоана-Хаџи Лега Христоска | 26.1.2021<br>10-159/1 |

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

## 4. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивана Лозано-ска | „Компаративно толкување на романите„Читачот“ од Бернард Шлинк, „ Белиот Хотел“ од Дилан М. Томас и „ Парите од Хитлер“ од Радка Денемарков низ призма на филозофијата за тотелитаризмот и геноцидот на Хана Арент“ | Totalitarianism and Genocide through the Prism of the Philosophy of Hannah Arendt in the Novels: The Reader by Bernhard Schlink, The White Hotel by Dylan M.Thomas and The Money from Hitler by Radka Denemarkova | проф. д-р Славица Србиновска | 29.03.2021 10-332/4 |
| 2. | Мемиши Игбал | „Нивото на примена на албанскиот стандарден јазик кај учениците во основните училишта во Скопје“ | “The Application Level of the Albanian Standard Language Among Primary Schools Students in Skopje” | проф. д-р Аслан Хамити | 23.3.2021 10-546/1 |
| 3. | Емира Хоџа | „Називите на деловите на традиционалната албанска носија во Република Северна Македонија“ | Names of the parts of the traditional Albanian costume in Republic of North Macedonia | проф. д-р Ајтен Ќамили | 29.3.2021 10-44/6 |
| 4. | Линдита Бакиу | „Споредбена анализа на дискурсот и на реториката на политичарите на Северна Македонија, во Косово и во Албанија“ | Comparative Discourse Analysis and Rhetoric of apoliticans in North Macedonia, Kosovo and Albania | проф. д-р Ајтен Ќамили | 29.3.2021 10-45/7 |

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**5. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | м-р Лени Фрчкоска | „Колизија на еманципаторски и конзервативни идеологии во современите бајки за деца и млади.“ | The collision of emancipatory and conservative ideologies through contemporary fairy tales for children and youth | проф. д-р Маја Бојаџиевска | 10-241/9 29.3.2021г |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА И КОМУНИКАЦИЈАТА ВРЗ АНГАЖИРАНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА“ ОД М-Р ПАКИЗЕ БИЛАЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ**

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 25.2.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Пакизе Билали** со наслов: **Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта**, во состав: проф. д-р Мирјана Борота Поповска (претседател), проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ (ментор), проф. д-р Јорде Јакимовски (член), проф. д-р Кирил Постолов (член) и проф. д-р Јасна Теофиловска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Пакизе Билали, со наслов „Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта“, содржи 208 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 9 фусноти, 148 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во шест глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се и синтетизирани предметот и целите на истражувањето, генералната хипотеза, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека оваа теза анализира до кој степен вработениот е ангажиран во училиштето, а потоа ја испитува влијателната улога која ја имаат организациската култура и комуникациските практики во ангажираноста на вработените. Студијата нуди методологија за мерење на влијанието што го имаат факторите во подобрувањето на ангажираноста на вработените.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **Вовед и важноста на студијата**. Таа е составена од осум подглави. Во подглавите објаснети се: опис на проблемот и предметот на истражување, цел на студијата и истражувачки прашања, важност на студијата, ограничувања на студијата, претпоставки, дефинирање на клучните поими и концепти на студијата, преглед на образовниот систем во Република Северна Македонија (РСМ), системот на средно образование во земјата и потребата за ваква студија.

**Втората глава** на трудот анализира **преглед на литература, градење на хипотези и концептуалниот модел**. Оваа глава е составена од пет подглави, и тоа: преглед на литературата за ангажираноста на вработените, организациската култура и комуникацијата во организацијата; концептуален модел на истражувањето; хипотетска рамка.

Теоретскиот модел на студијата се обидува да ја идентификува врската помеѓу трите концепти: ангажираноста на вработените, организациската култура и организациската комуникација. Според моделот кој го употребиле (Schaufeli, Salanova, González-Romá, & Bakker, 2002), на кој се заснова и студијата, ангажираноста на вработените се состои од: енергичност, предаденост и залагање. Концептуалниот модел на оваа студија е претставен врз основа на прегледот на литературата која е разгледана/синтетизирана. За да се даде оценка во врска со ангажираноста на работа се разгледани три групи на варијабли:

а) Елементите поврзани со автономијата, надворешната ориентација, соработката меѓу секторите, ориентацијата на човечките ресурси, како и ориентацијата кон подобрувањето, преку кои се мери организациската култура. Организациската култура е варијабла која ќе помогне во оценувањето на влијанието врз ангажираноста на вработените.

б) Елементите кои ја мерат организациската интеграција, комуникацијата на супервизорите, личната реакција, корпоративната информација, комуникациската клима, хоризонталната и неформалната комуникација, квалитетот на комуникациските канали, комуникацијата на подредените, се димензиите преку кои се мери организациската комуникација во трудот. Организациската комуникација е варијабла која ќе помогне во испитувањето на влијанието врз ангажираноста на вработените.

ц) Елементите на енергичност, предаденост и залагање се димензии преку кои се мери ангажираноста во работата. Ангажираноста во работата е независната варијабла во ова истражување.

Хипотетската рамка се однесува на влијанието што организациската култура и комуникацијата го имаат врз ангажираноста на вработените, претставена преку биполарниот пар на искази:

Х1(0): Организациската култура нема значително влијание врз ангажираноста на вработените, операционализирана преку димензиите – енергичност, посветеност и залагање.

Х1(1): Организациската култура има значително влијание врз ангажираноста на вработените, операционализирана преку димензиите – енергичност, посветеност и залагање.

Х2(0): Организациската комуникација нема значително влијание врз ангажираноста на вработените, операционализирана преку димензиите – енергичност, посветеност и залагање.

Х2(1): Организациската комуникација има значително влијание врз ангажираноста на вработените, операционализирана преку димензиите – енергичност, посветеност и залагање.

Во продолжение, во трудот се изведени и неколку помошни хипотези.

**Третата глава, Истражувачка методологија,** е поделена на две подглави: опис на методолошкиот пристап и природа на истражувачката студија (истражувачка таргет популација и дизајн на истражувачкиот - намерен примерок, истражувачки методи и инструменти, како и операционализација на варијаблите) и етички аспекти на студијата. За да се постигнат целите на оваа студија, да се добие мислењето од лидерите/менаџерите, администрацијата и професорите во врска со ангажираноста, културата и комуникацијата, беше спроведена онлајн анкета токму во средните училишта во земјата, во градовите во кои бројот на јавни училишта е поголем, истовремено опфаќајќи ги со прашалникот сите вработени. Конечната база/примерок на валидно пополнети прашалници изнесува N=152.

**Глава 4** се состои од две подглави. Првата подглава се состои од анализа на демографските карактеристики на испитаниците – опис на примерокот, а втората, на дескриптивната анализа на податоците. Во овој дел е даден и компаративен преглед на

податоците, односно споредба на добиените средни вредности за самопроценката и перцепцијата на испитуваните димензии, за секоја од варијаблите, пресметани во SPSS. Податоците се претставени во табели и графикони, со соодветна текстуална интерпретација од страна на кандидатката.

Во **Глава 5** е спроведена серија статистички постапки, со цел тестирање на поставените истражувачки хипотези. Користена е напредна, инференцијална статистика во SPSS, на експланаторно (каузално) ниво, и во продолжение, врз база на генерираните научноистражувачки наоди е развиена длабинска дискусија во однос на секоја од хипотезите и нивното потврдување или отфрлање. Понуден е нов теоретско-концептуален модел, како оригинален резултат и научен придонес на докторската дисертација. Податоците се претставени во табели и графикони, со соодветна текстуална интерпретација од страна на кандидатката.

Во **Глава 6**, врз база на добиените резултати, наведени се заклучоците од истражувањето, како и препораките. Во прилог се претставени дел од клучните заклучоци/препораки:

- Јавните средни училишта кај кои мерењето на ангажираноста на вработените не е дел од нивната практика, треба да го вклучат во нивните практики. Идентификувањето на секоја димензија на ангажираноста е важно. Заклучоците од студијата ја зајакнуваат оваа препорака.

- Организациската култура и организациската комуникација влијаат врз вработените така што ја зголемуваат нивната ангажираност во работата. Оваа препорака се однесува на фактот дека ако сакаме да ја зголемиме ангажираноста на вработените, треба да се фокусираме на организациската култура и комуникација.

- Нивото на автономијата, како составен дел на организациската култура, треба да се подобри во организацијата. Автономијата се претставува со просек, која е најниска меѓу варијаблите на организациската култура. Димензијата „автономија“, која се покажа како видливо несвојствена во организациската култура перципирана од страна на вработените во средните училишта, покажа дека вработените не се чувствуваат самостојни во врска со работата, и тука треба да се истакне фактот дека ова не е директно поврзано со независноста на вработените при донесување на одлуките, туку со фактот дека вработените често се чувствуваат „под притисок“ и работата им дава мала или никаква можност да користат лични иницијативи, а понекогаш управителите носат одлуки кои влијаат на нив, без да побараат нивно мислење. Освен тоа, вработените се изјаснуваат дека врз нив се спроведува постојана контрола од управителите и дека постојано се чувствуваат како да се контролирани, а според нив ова влијае на нивната слобода и ангажираност во работата.

- Поради горенаведените причини, менаџерите/директорите на училиштата треба да се фокусираат на зголемување на нивото на автономија (степенот на независност во работата кај вработените), на пример: преку зголемена независност во начинот на концептуализирање на предавањата/вежбите, селекција на методите за изведување на предавањата/вежбите, автономија во начинот/методологијата за реализирање на оценувањето, слобода во составување на распоредите, избор на програми за доквалификација/дообучување, овозможувачка и развојна средина за преземање иницијативи/креативни, иновативни, проектни, дополнителни активности/секции и слично.

На крајот на трудот е прикажана **литературата,** користена и консултирана при изработката на докторската дисертација. Во оваа глава се наведени 148 библиографски единици.

**Предмет на истражување**

Главна цел на оваа студија е, потпирајќи се на современата литература и досегашните сознанија, да се спроведе истражување и да се проучи влијанието на организациската култура и комуникација врз ангажираноста на вработените во јавниот образовен сектор.

Предмет на истражување во овој труд е:

- прво, да се измери нивото на работна ангажираност на вработените во јавните средни училишта во нашата земја;
- второ, да се спроведе опсежна теоретска и емпириска анализа во врска со концептите организациска култура и организациска комуникација, како и да се испита нивната меѓусебна поврзаност, како и влијанието врз ангажираноста на вработените.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Образованието во Република Северна Македонија, во текот на последните години, се соочи со многу проблеми во различни области, почнувајќи од наставната литература, условите, финансиските средства, вештините на наставниците, отсуството на соодветно управување, пандемијата предизвикана од ковид 19 и др. Но, она што останува уште позагрижувачко од ова има врска со недостатокот на потребна квалификација кај професорите и нереализирање на часовите со образовни програми за учениците, како и нискиот одзив на натпреварите по знаење. Поинаку кажано, учениците избегнуваат да ги тестираат своите знаења. Според PISA (2018), Република Северна Македонија е рангирана на 67. место од вкупно 79 земји, поаѓајќи од физичката состојба на просториите и опремата за учење, продолжувајќи кон реализирање на наставните програми или квалификациите на наставниот кадар, раководителите, па сѐ до нивото на знаење. Вака барем констатираше Државниот просветен инспекторат во Извештајот за учебната година 2016/2017 за квалитетот на воспитно-образовниот процес на 162-те училишта.

Оваа студија е неопходна за средното образование бидејќи концептот на ангажираност на вработените во академската литература е третиран ограничено, исто така еден сличен ваков модел би бил во интерес на практиките во одделенијата за човечки ресурси. Наодите и препораките во оваа студија се однесуваат на средното образование. Оваа студија им помага на средните училишта да се трудат да ја зголемат ангажираноста на своите вработени. Резултатите од овој труд може да ги унапредат практиките за управување на училиштата, да ги подобрат нивоата на организациската култура и комуникацијата во училиштето, да ја зголемат работната ангажираност на вработените, со цел за да го насочат нивниот внатрешен систем на вредности кон зголемување на успешноста.

**Краток опис на применетите методи**

За истражувањето е употребена онлајн анкета. Прашањата од прашалникот за трите делови Б, Ц, Д се затворени прашања со кои од испитаниците се бара да дадат одговор за една изјава на Ликертова (5-степена) скала. Во делот „А“ има отворени прашања за кои се бара информација во квалитативна форма, како и делумно затворени прашања со избор на алтернативата „друго“. Прашалникот употребен во оваа студија има 4 дела: прв дел (секција А) – Општи податоци и демографски карактеристики; втор дел (секција Б) – вклучува прашања во врска со организациската култура; трет дел (секција Ц) – вклучува прашања во врска со организациската комуникација; четврти дел (секција Д) – вклучува прашања во врска со работната ангажираност. Изработката на прашалникот се заснова на теоретскиот модел на студијата. Базирајќи се на моделот на Wilderom & Van den Berg (2004) беше структуриран делот од прашањата за организациската култура врз основа на тестираниот модел на прашалникот. Делот кој се однесува на ангажираноста на вработените, базиран на теоретскиот модел на Schaufeli et al (2002), служеше како основа за составување и користење на прашањата од

прашалникот. Utrecht Work Engagement Scale (UWES) е прашалник од 17 прашања, кој е тестиран и кој успешно се користи за мерење на ангажираноста. Врз основа на моделот на Clampitt & Downs (1992), модел дизајниран во 1992 година (Communication Satisfaction Questionnaire, CSQ), изработен е и се користи прашалникот за делот за комуникацијата.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Презентираните статистички податоци/истражувачки сознанија и потврдените помошни/посебни хипотези даваат мошне силна аргументација за прифаќање на генералната истражувачка хипотеза. Тоа значи дека организациската култура и организациската комуникација, како варијабли, имаат значајно влијание врз ангажираноста на вработените, независна варијабла операционализирана преку димензиите: енергичност, посветеност и залагање.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Пакизе Билали, со наслов „Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта“, претставува истражување во научното подрачје: организациони науки и управување (менаџмент), потесни области: наука за организација, менаџмент во образование и управување со човечки ресурси. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува да придонесе за збогатување на домашната научна и стручна литература поврзана со конкретната проблематика, како и со унапредување на практиките.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Пакизе Билали, со наслов „Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор-и: „Пакизе Билали“, објавен: „Компетенции за менаџмент на човечки ресурси на директори во средни училишта”. Knowledge-International Journal, vol. 28.7, Bansko, Bulgaria Decembre 14.2018, Global Impact Factor 1.322.

Автор-и: „Пакизе Билали“, објавен: „Организациска култура и поддршка на вработените во средното Економско училиште во Гостивар”. Knowledge-International Journal, vol. 35.2, Bansko, Bulgaria, November 30.2019, Global Impact Factor 1.322.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: синтетизирање на теоретско-концептуалните модели за организациската култура, организациската комуникација и работната ангажираност, развој на специфична истражувачка методологија, како и креирање на нов теоретско-концептуален модел, преку генерирање на оригинални научни сознанија на емпириско ниво, за средните училишта.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: како истражувачка лимитација на трудот, може да се посочи дека примерокот е намерен, па оттаму генерираните сознанија во најголема мера важат за училиштата од примерокот.

Можните понатамошни истражувања се: да се спроведе студија со развиената истражувачка методологија од страна на кандидатката, на национално ниво.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Пакизе Билали** со наслов: **Влијание на организациската култура и комуникацијата врз ангажираноста на вработените во средните училишта.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Јорде Јакимовски, член, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Постолов, член, с.р.**
**Проф. д-р Јасна Теофиловска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК/РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА ОНОМАСТИКА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 83. седница одржана на 10.3.2021 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Мери Јосифовска за избор во звањето научен советник/редовен професор во Одделението за македонска ономастика при ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“. Изразувајќи ја нашата благодарност за довербата што ни ја укажа Советот, го предлагаме на усвојување следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија“ број 25.161 на 25 февруари 2021 година за избор на еден соработник во научно звање од областа на македонската ономастика се пријави д-р Мери Јосифовска, виш научен соработник/ вонреден професор во ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“. Кон пријавата има приложено и: Одлука од Советот на ЈНУ ИМЈ за избор во научно звање – виш научен соработник/ вонреден професор од областа на македонската ономастика, биографија, библиографија, како и список на учества на конференции, собири, конгреси и на други научноистражувачки/наставно-научни активности.

Д-р Мери Јосифовска е родена на 28 ноември 1968 година во Скопје. Во родниот град завршила основно и средно образование. Во учебната 1987/1988 година се запишала на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата македонски јазик и јужнословенски јазици, со полски јазик и книжевност како втор главен предмет. Дипломирала во 1991 година со просечен успех 8,85. За време на студиите двапати престојувала во Краков, на Летната школа за полски, а еднаш била на дијалектолошки истражувања во областа Мазовше.

По дипломирањето, во учебната 1991/1992 година се запишала на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик, каде што, по положувањето на предвидените испити со највисока оценка, магистрилала на темата „Антропонимискиот систем во Крушевско“, под менторство на н. сов. Трајко Стаматоски во октомври 2005 година.

Во 1996 година реализирала двоседмичен студиски престој на 8. циклус предавања по општа лингвистика на Vilém Mathesius International Teaching Centre при Карловиот универзитет во Прага, Република Чешка.

Во ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“ работи од 1993 година, најпрво како помлад асистент истражувач, а по магистрирањето како асистент истражувач во Одделението за македонска ономастика. Таму активно е вклучена во работата на сите проекти од областа на ономастиката: „Речник на презимињата кај Македонците“ (како соработник), „Речник на антропонимите во македонското народно творештво“ (како коавтор) и „Речник на топонимите од Воденско“ (како коавтор на овој сѐ уште необјавен речник, за чиишто потреби има обработено вкупно 678 топоними на почетните букви К − О). Од 2011 до 2020 година, д-р Мери Јосифовска работи како одговорно лице (главен истражувач) на вкупно шест едногодишни проекти финансирани од Министерството за култура на РМ, а кои се однесуваат на заштита на македонското недвижно и нематеријално културно наследство. Тоа се следниве проекти: „Дигитализација на онимискиот материјал на македонската јазична територија (А−О)“ во 2011, „Дигитализација на онимискиот материјал на македонската јазична територија (П−Ш)“ во 2012, „Дигитализација на топонимискиот материјал од територијата на Крушевско“ во 2014, „Дигитализација на

топонимискиот материјал од територијата на Радовишко“ во 2015, „Дигитализација на топонимискиот материјал од територијата на Дебарско“ во 2017 и „Дигитализација на топонимискиот материјал од територијата на Струмичко“ во 2020 година.

За потребите на Одделението по македонска ономастика повеќепати учествувала на заеднички теренски истражувања спроведени во различни региони низ Р Македонија. Исто така, спроведува и самостојни теренски истражувања неопходни за личната научна работа. Во периодот 2005 − 2007 година работела како член на Комисијата за проверка и верификација на топонимите формирана меѓу Управата за заштита на културното наследство и Државниот завод за геодетски работи, од една страна, и ИМЈ „Крсте Мисирков“, од друга страна. Комисијата имала задача да прегледа, да верификува и да коригира околу 30 илјади топоними содржани во 175 топографски карти, а д-р Мери Јосифовска тоа го направила на една третина од споменатиот корпус.

За време на работниот ангажман во ИМЈ „Крсте Мисирков“, учествувала на бројни научни собири, конференции, конгреси, тркалезни маси и трибини од областа на лингвистиката во земјата и во странство. Има објавено десетици статии, прикази, прилози и хроники на ономастички теми во домашни и во меѓународни списанија и зборници, а е и еден од авторите на „Речникот на лични имиња во македонското народно творештво“ (институтски проект објавен во 2008). За периодот до докторирањето, од посебно значење е нејзиното учество на XXIV ICOS INTERNATIONAL CONGRESS OF ONOMASTIC SCIENCES (24. Меѓународен ономастички конгрес) во Барселона, 5 − 9 септември 2011 г. Таму настапила со темата “Language Contacts and Names: The Current Situation in Macedonian Onomastics” („Јазичните контакти и имињата: Актуелни состојби во македонската ономастика“), којашто во 2014 година е објавена во електронска форма (E-book on: www.gencat.cat/llengua/BTPL/ICOS2011).

На 27 мај 2013 година, пред надлежната комисија при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Јосифовска ја одбранила својата докторска дисертација „Топонимијата на Крушевско“, по што се здобила со звањето доктор по филолошки науки. На 15 август истата година, Советот на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“ ја избрал во научното звање научен соработник/доцент од областа на македонската ономастика. Во звањето виш научен соработник/вонреден професор од областа на македонската ономастика била избрана на 15 јуни 2016 година, исто така од страна на Советот на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“. Оттогаш па до денес, д-р Мери Јосифовска остварува колективни и индивидуални научноистражувачки/наставно-научни активности, со кои придонесува во развојот на македонската ономастика и на лингвистиката воопшто. Тоа го реализира со бројните учества на научни конференции од меѓународен и од домашен карактер, како и со објавување на самостојни научни трудови во научни списанија во земјата и во странство. Во односниов период, активно е вклучена и во наставата на вториот циклус студии „Македонистика со комуникологија“ при ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“, на предметот Комуникологија (едногодишна програма), како и на предметите Комуникологија, Ономастика и Македонска ојконимија (двегодишна програма). Јосифовска напати била и рецензент на зборници, на монографии и на статии од афирмирани домашни и странски автори, и тоа на: *Зборникот трудови од 10. Македонско-полска конференција* одржана во рамки на Меѓународниот славистички собир при Филолошкиот факултет (Скопје, 2018), кн. *Топонимијата на Водно* (монографски труд на д-р Љубица Станковска, 2019), дел од сп. *Филолошки студии* (Скопје, 2019), кн. *Потеклото на имињата на населените места во Дебарца* (монографски труд на д-р Љубица Станковска, 2020) и делот што се однесува на ономастика од сп. Književni jezik (Сараево, 2020). Покрај тоа, била и секретар на Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Мисирков − предизвик за нови проучувања во науката“ (Струмица, 2 и 3 ноември 2016), член на

Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет − денес и утре“ (Скопје, 15 и 16 ноември 2017 година), член на Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик − извор на филолошки и на културолошки истражувања“ (Скопје, 13 и 14 ноември 2019); како и уредник на зборникот „Мисирков − предизвик за нови проучувања во науката“ (Скопје, 2019) и член на Редакциските одбори на зборниците „Минатото на јазичниот свет − денес и утре“ (Скопје, 2018) и „Македонскиот јазик − извор на филолошки и на културолошки истражувања“ (Скопје, 2020).

По изборот во звањето виш научен соработник/вонреден професор, д-р Мери Јосифовска продолжува со својата научна работа и преку учество на научни собири и конференции во земјата и во странство. Поконкретно, зела учество на следниве: на научниот собир „Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен“, одржан во Скопје на 14 и 15 април 2016 година, го промовирала зборникот „Лексикологијата и лексикографијата − мостови меѓу јазиците“; на меѓународната научна конференција „Мисирков − предизвик за нови проучувања во науката“, одржана во Струмица на 2 и 3 ноември 2016 година, со рефератот „Топонимијата на селото Постол, Еницевардарско“; на 20. Меѓународна и општополска ономастичка конференција (XX MiOKO), одржана во Краков, Полска, од 21 до 23 септември 2016 година, со рефератот „Влијанието на западноевропските јазици врз македонскиот антропонимиски систем“; на 7. Меѓународен научен симпозиум „Врските меѓу Р Македонија и Р Србија низ вековите и денес“, одржан во Битола на 19 и 20 мај 2017, со рефератот „Личните имиња со компонентите *мир* и *слав* во македонската и во српската антропонимија“; на меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет − денес и утре“, одржана во Скопје на 15 и 16 ноември 2017, со рефератот „Нови именувања во македонската топонимија“; на 16. Меѓународен славистички конгрес, одржан во Белград од 20 до 27 август 2018 година, со рефератот „Административните промени на имињата на улиците во градот Скопје“; на 21. Меѓународна и општополска ономастичка конференција (XXI MiOKO), одржана во Кажимјеж Долни, Полска, од 4 до 6 октомври 2018, со рефератот „Хидронимијата на Крушевскиот Регион“; на меѓународната научна конференција „Јазикот и културата − состојби и предизвици“, одржана во Скопје на 6 и 7 ноември 2018 година, со рефератот „Личното име *Георги (-j,-ja)* и неговите деривати во македонската топонимија“; на меѓународниот научен собир „Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику“, одржана во Ниш на 19 април 2019, со рефератот „Прекари настанати по пат на опсцена мотивација во македонскиот јазик“; на меѓународниот научен собир „1. Претходниците како современици; 2. Македонскиот јазик во споредбените лингвистички истражувања“, одржан во Скопје на 27 и 28 мај 2019, со рефератот „Личните имиња во народните песни од Егејска Македонија“; на меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик − извор на филолошки и на културолошки истражувања“, одржана во Скопје на 13 и 14 ноември 2019, со рефератот „Сопствените имиња во романот за деца *Големи и мали* од Бошко Смаќоски“; на 20. Меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Фолклористика − предизвици и перспективи“, одржан во Скопје на 22 и 23 ноември 2019, со рефератот „Личните имиња *Билјана* и *Лихнида* − нераскинлив дел од македонскиот фолклор“; на меѓународниот научен собир „Јазикот во уметничката литература“, одржан во Дојран на 17 и 18 септември 2020 година, со рефератот „Кон онимискиот корпус во циклусот *Кукулино* од Славко Јаневски“. Последниот нејзин настап е на меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик − извор на научни истражувања (дома и надвор)“, одржана во Скопје на 20 и 21 октомври. Темата што ја презентирала имала наслов „За сопствените имиња во збирката раскази *Скопје тенкју* од Борче Боки Трајковски звани бургија“.

Како што може да се види, предмет на разгледување и интерес на нејзините научни трудови се прашањата поврзани со ономастиката, како македонската така и словенската. Секој од нејзините научни трудови се одликува со оригиналност во пристапот и со соодветно одбран истражувачки потфат. Во сите научни и стручни трудови на д-р Мери Јосифовска се гледа дека станува збор за многу успешна примена на солидно изграден и оформен методски пристап, како и добро избран ономастички проблем за истражување. Тоа најмногу може да се согледа во нејзината монографија „Топонимијата на Крушевско“, објавена во 2019 година.

Од сето горе кажано може да се заклучи дека д-р Мери Јосифовска, виш научен соработник/вонреден професор, е активен научен/наставно-научен работник во областа македонска ономастика. Нејзините трудови сведочат дека станува збор за одличен толкувач на обработуваната проблематика, која, пошироко, придонесува за афирмацијата на македонистиката дома и во светот. Врз основа на овој заклучок, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“ во Скопје да ја избере в. н. сор./вонр. проф. д-р Мери Јосифовска во звањето научен советник/редовен професор од областа македонска ономастика.

**БИБЛИОГРАФИЈА**
(за периодот од изборот во научно звање – виш научен соработник/
вонреден професор до денес)

**Монографии:**
1. „Топонимијата на Крушевско“. Скопје, 2019: МИ-АН.

**Статии, хроники, прикази и прилози:**
1. „Дијалектолошката перспектива на микротопонимијата претставена преку материјал од Крушевскиот Регион“. Во: „Nazwy terenowe i miejscowe w przestrzeni fizycznej (Geographical Names in Physical Space). Łódz, 2016: Wydawnictwo Uniwersytetu Łódzkiego, с. 167−174.
2. „Македонскиот наспроти српскиот личноименски систем“. Во: Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу РМакедонија и РСрбија“. Битола, 2016: Конзулат на РСрбија во РМакедонија, с. 67−72.
3. „2016 година − јубилејна година во животот на д-р Марија Коробар-Белчева“. Во: сп. „Македонски јазик“ LXVII. Скопје, 2016: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 33−35.
4. „Лексикологијата и лексикографијата − мостови меѓу јазиците“ (промотивно претставување на зборникот). Во: сп. „Македонски јазик“ LXVII. Скопје, 2016: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 281−285.
5. Приказ за меѓународната научна конференција „Мисирков − предизвик за нови проучувања во науката“ (Струмица, 2 и 3 ноември 2016). Во сп. „Македонски јазик“ LXVII. Скопје, 2016: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 297−299.
6. IN MEMORIAM Олга Иванова (1939−2016) во коавторство со Весна Миовска. Во: „Македонски јазик“ LXVII. Скопје, 2016: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 301−304.
7. „Влијанието на западноевропските јазици врз македонскиот антропонимиски систем“. Достапно на: https://xxmioko.ijp.pan.pl/pl/streszczenia/
8. „Хидронимијата на Крушевскиот Регион“. Достапно на: https://www.umcs.pl/pl/streszczenia-referatow,13354.htm
9. „Сопствените имиња во делата на Горјан Петревски“. Во: Зборник на трудови од научниот собир „Јазикот наш денешен − јазикот наш насушен“. Скопје, 2016: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 304−311.
10. „Нови именувања во македонската топонимија“. Во: Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет − денес и утре“. Скопје, 2018: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 129−134.
11. „Дефинирана научна мисла (Васил Дрвошанов. „Спевот јаска“ на Методија Ст. Тошевски)“. Во: сп. „Современост“ LXXIV (LXVIII), 2. Скопје, 2018: СЗПМ, с. 164−165.
12. „По повод 75-годишнината од раѓањето на д-р Љубица Станковска“. Во: сп. „Македонски јазик“ LXIX. Скопје, 2018: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 15−20.
13. „Топонимијата на селото Постол, Еницевардарско“. Во: Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција „Мисирков − предизвик за нови проучувања во науката“. Скопје, 2019: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 211−224.

14. „Прекари настанати по пат на опсцена мотивација во македонскиот јазик“. Во: Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „Опсцена и друга колоквилијална лексика у српском и македонском језику“. Ниш, 2019: Филозофски факултет у Нишу, с. 199−206.
15. „Личното име *Георги(-ј,-ја)* и неговите деривати во македонската топонимија“. Во: Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Јазикот и културата − состојби и предизвици“. Скопје, 2019: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 129−134.
16. „Сопствените имиња во романот за деца Големи и мали од Бошко Смаќоски“. Во: Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција „Македонскиот јазик − извор на филолошки и на културолошки истражувања“. Скопје, 2020: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, с. 177−182.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Љубица Станковска, научен советник во пензија, с.р.**

**Д-р Симон Саздов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник/редовен професор, с.р.**

**ОЦЕНА ЗА ЦЕЛОКУПНАТА АКТИВНОСТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК/ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| Научноистражувачка дејност | во земјата | во странство |
|---|---|---|
| | поени | |
| Монографија или научна книга | 8 | |
| Одбранета докторска теза | 8 | |
| Одбранета магистерска работа | 5 | |
| Труд во зборник на трудови од научен собир | 12 | 12 |
| Раководител на научен проект | 8 | |
| Приказ/хроника | 6 | |
| Учество на проект | 4 | |
| Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 2 | |
| Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 45 | |
| Член на редакциски одбор | 2 | 3 |
| Рецензирање труд | 8 | 3 |
| Учество во наставна дејност | 21 | |
| Друг придонес во научноистражувачката дејност | 3 | |
| Вкупно: | 140 | |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК/РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 83. редовна седница одржана на 10 март 2021 год., нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Весна Костовска на конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 25 февруари 2021 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Весна Костовска е родена на 15 јануари 1963 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1981 год. се запишала на групата за македонски јазик – еднопредметна на Филолошкиот факултет во Скопје, а дипломирала во 1987 год. Во учебната 1989/1990 год. се запишала на постдипломските студии на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата за македонски јазик.. Магистерскиот труд „Лингвистичка анализа на Македонското четвороевангелие“, под менторство на д-р Зденка Рибарова, го одбранила во 1997 год., а во 2013 год. докторската дисертација „Сложенките во македонските црковнословенски текстови“, исто така под менторство на д-р Зденка Рибарова. Во звањето асистент е избрана во 1998 год., во звањето научен соработник во 2013 година, а во звањето виш научен соработник во 2018 година.

Д-р Весна Костовска е вработена во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик од 1.10.1989 година. Од своето вработување до денес, таа е ангажирана на проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“, вклучувајќи се во сите фази од работата врз проектот: подредување на научната документација, расчитување на оригинални текстови, ексцерпција на контексти и нивна компарација, определување на грчки еквиваленти, индексирање на материјалот, усвојување на основните принципи на лексикографска обработка, лексикографска обработка и др.

Во периодот од 2001 до 2004 год. е вклучена како соработник на проектот „Лексиката во поетските творби на Климент Охридски“. Проектот резултираше со посебно издание во рамките на Институтот за македонски јазик, во кое заедно со главниот истражувач на проектот, д-р Стоја Поп-Атанасова, се јавува како коавтор.

Во рамките на своето стручно усовршување, Костовска во 1997, 2004, 2005 и во 2008 год. е учесник на Курсот по општа лингвистика „Villèm Mathesius“ во Прага, Чешка, на Првиот интернационален семинар Humanitaria во 2004 год. во Ловеч, Бугарија, во 2005 год. на меѓународниот семинар „COMTOOCI: COMputational TOOls for for the librarian and philological work“ (Компјутерски алатки за библиотечна и филолошка работа) во Боровец, Бугарија, а во 2009 год. на Knowlege Transfer for Digitalisation of Cultural and Scientific Heritage in Bulgaria, Kick-off meeting во Банско.

На 26.2.2001 година добила Потврда за признато право на лекторирање и има лекторирано голем број научни трудови, дела од уметничката и од стручната литература.

Своите трудови Костовска ги објавува во списанијата: *Македонски јазик, Македонистика, Литературен збор, Кирилометодиевистика, Филолошки студии, Riječ, Studia linguistica Polono-Meridiano slavica, Филолошки студии, Македонски збор,* а резултати од своите истражувања има презентирано на повеќе научни собири: *Hrvatski filološki skup* (Opatija, 2002, 2003, 2005), *1st International seminar „Humanitaria*“, (Ловеч 2004), *XXXI научна конференција одржана на XXXVII меѓународен семинар за*

*македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 2004), *Меѓународен научен собир „Блаже Конески и македонскиот јазик“* (Скопје 2011), *меѓународна научна конференција „IV меѓународен научен собир – Македонско-хрватски книжевни и културни и јазични врски* (Охрид, 2013), *меѓународна научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“* (Скопје, 2013), *XLII меѓународната научна конференција* (Охрид, 2015), *меѓународна научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“*, (Скопје, 2017), *Седумдесет и пет години современ македонски јазик, азбука и правопис. Јазикот и стилот во творештвото на Горан Стефановски.,* Меѓународна научна конференција (Велес, 2020), меѓународна научна конференција *Македонскиот јазик – извор на научни истражувања* (*дома и надвор*) (Скопје, 2020), Меѓународен научен собир *Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику* (Ниш ,2019), *Денови посветени на Благоја Корубин* (Скопје, 2019) и др.

Во рамките на своите истражувања, Костовска се занимава со лингвистичка анализа на текстот на Македонското четвороевангелие, што резултира со монографијата „Македонското четвороевангелие“ објавена во 2004 год. во едицијата „Стари текстови“ на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. За да се потврди датирањето на текстот, извршена е исцрпна анализа на палеографските особености кои се уште една потврда дека текстот е од 14 век. Покрај поглавјата за правописните, фонетските, морфосинтаксичките и лексичките особености, во анализата во посебно поглавје лингвистички се обработени и заглавијата што се составен дел на Македонското четвороевангелие. Монографијата го содржи и компјутерски расчитаниот текст на Македонското четвороевангелие. При лингвистичката анализа се применува и компаративен пристап во однос на Асемановото, Зографското и Мариинското евангелие, најстарите средновековни македонски евангелија напишани на глаголица. Со анализата на текстот на Македонското четвороевангелие се поврзани и објавените трудови во списанија и зборници: *Лексичките подновувања во Македонското четвороевангелие, Правописните и фонетските особености на Македонското четвороевангелие, Морфосинтаксички особености на Македонското четвороевангелие, Лексиката на Македонското четвороевангелие, За сложенките во Македонското четвороевангелие и нивниот современ превод во Библијата“.*

Од областа на црковнословенската лексикологија и лексикографија се трудовите: *Значењето на лексемата* **вѣкъ** *во македонските црковнословенски текстови, Значењето на* **възнести** и **възносити** *во македонските црковнословенски текстови, Лексикографската обработка во Одделението за историја на македонскиот јазик, Лексиката на македонското четвороевангелие.*

На анализата на сложенките во црковнословенската писменост е посветена докторската дисертација на тема: *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* како и трудовите: *За сложенките во македонските црковнословенски текстови, Сложените именки во македонските црковнословенски текстови, Глаголите со прва компонента* **благо-** *во македонските и хрватските црковнословенски текстови, За синонимијата кај сложенките во македонските црковнословенски текстови, Преглед на суфиксите за образување сложени именки во македонските црковнословенски текстови, За сложенките во Македонското четвороевангелие и нивниот превод во Библијата.*

Во докторската дисертација се анализирани околу 2 500 сложенки во македонските црковнословенски текстови што се ексцерпирани за проектот „Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција“. Дисертацијата ги содржи следниве поглавја: сложени именки, сложени придавки и сложени глаголи, како и заклучок, библиографски белешки и индекс на заглавните зборови. Според анализата на материјалот, во категоријата на сложенките најзастапени се именките и придавките, а

нивната честота се зголемува во помладите црковнословенски текстови. Костовска заклучува дека аргументирано се потврдува изразената тенденција за примена на сложувањето како зборообразувачки модел, и тоа и по пат на калкирање и со создавање нови двокомпонентни лексеми според грчки обрасци кои најчесто се застапени во Ваташкиот минеј, Крнинскиот дамаскин, Лесновскиот паренезис и во триодите. Во овој труд јасно е изразен стремежот на авторката да ги согледа како системските односи на зборообразувачкиот систем, така и индивидуалните особености на јазикот на текстовите мотивирани од најразлични причини. Во повеќе сегменти, трудот донесува нови сознанија за состојбата во јазикот на македонските црковнословенски текстови и содржи согледувања кои претставуваат придонес кон историското зборообразување во македонскиот јазик.

Во врска со лексиката од областа на историјата на медицината се трудовите: *За именувањето на болестите во македонските црковнословенски текстови, Лекувањето и исцелувањето во македонските средновековни текстови, Лековитите билки во Библијата.*

На современите состојби во македонскиот јазик се посветени трудовите: *Поглед на современата состојба во македонскиот јазик, За имињата на фирмите во Република Македонија, Сложенките во Тритомниот и во Толковниот речник на македонскиот јазик, Реализацијата на граматиката во учебниците по македонски јазик од I до IV одделение.*

Автор и коавтор е на неколку монографски трудови: *Македонското четвороевангелие,* објавен во 2004 год. во едицијата „Стари текстови“ на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, *Лексиката во поетските творби на Климент Охридски,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје, 2005, Стоја Поп-Атанасова, Весна Костовска, *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, т. 1, Скопје 2013, гл. уредник З. Рибарова, *Правопис на македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2016 (група автори), *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* заедничко издание на „Институтот за македонски јазик“ и „Бата прес милениум“, Скопје, 2018.

Со превод на грамотите од црковнословенски на современ македонски јазик учествува во изработката на трудот *Извори на споменичкото право во Македонија* (2012, том I) од Стојан Ристов.

Можеме да константираме дека научната работа на д-р Весна Костовска опфаќа темелни истражувања што се посветени на историјата на македонскиот јазик, односно на потесната област црковнословенска лексикологија и лексикографија и историско зборообразување. Неколку нејзини понови трудови се со компаративен пристап помеѓу црковнословенската и современата лексика со што се расветлуваат одделни прашања поврзани со континуитетот во историскиот развој на македонскиот јазик. Нејзината долгогодишна научна дејност на историски и компаративен план има особен придонес во специјализираните црковнословенски лингвистички проучувања.

Оценувајќи ги позитивно досегашните активности, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја избере во звањето научен советник/редовен професор.

БИБЛИОГРАФИЈА
(од изборот во научен соработник)

**Монографии**:
*Македонското четвороевангелие* - Стари текстови, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2004.
*Лексиката во поетските творби на Климент Охридски*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје, 2005, Стоја Поп-Атанасова, Весна Костовска,
*Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, т. 1, Скопје 2013, гл. уредник З.
*Правопис на македонскиот јазик*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2016 (група автори).
*Сложенките во македонските црковнословенски текстови*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и „Бата прес, Скопје, 2018.
**Статии:**
1. Сложенките во македонските црковнословенски текстови, *Македонски јазик,* LXIV (2013), 129-136.
2. Сложените глаголи во македонските црковнословенски текстови, *Македонистика бр. 12,* 2013, 161-182
3. Глаголите со прва компонента благо-во македонските и во хрватските црковнословенски текстови во македонските и во хрватските црковнословенски текстови, *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, кн. 4, Скопје 2014, 155-160.
4. За Правописните знаци, *Зборник на XLIII научна конференцијана VXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 25–26 јуни 2016. (коавторство со Катица Трајкова).
5. За сложенките во Македонското четвороевангелие и нивниот превод во Библијата, *Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре*“, Скопје 2018, 139-146.
6. „Како го читам Конески“, Фондација за македонски јазик „Небрегово“, кн. 4 од едицијата „Македонски збор“, Скопје 2018.
7. Меѓу колоквијалното и еротското во „Сок од простата“ на Јован Павловски (осврт на лексиката), , *Зборник од научниот собир „Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику*“, Ниш 2019 (коавторство со Елена Јованова-Грујовска).
8. „Бели мугри“ како лексикографска инспирација, *Зборник од Меѓународната конференција „Светлината на зборот“ (Јазични и книжевни аспекти во поезијата на Кочо Рацин и Матеја Матевски),* Велес 2019 (коавторство со Елена Јованова-Грујовска),.

**Учества на научни собири и одржани предавања:**
1. Учество на Меѓународната научна конференција „IV Меѓународен научен собир – Македонско-хрватски книжевни и културни и јазични врски “, Охрид, 27–29 септември 2013 г., со рефererат *„Глаголите со прва компонента blago- во македонските и хрватските црковнословенски текстови “***.**
2. Учество на Меѓународната научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“, Скопје, 21–22 ноември 2013 г., со реферат *„За синонимијата кај сложенките во македонските црковнословенски текстови “***.**
3. Учество на XLII Меѓународната научна конференција, Охрид, 27-28 јуни 2015 г., со реферат *„За Правописните знаци“,* (коавторство со Катица Трајкова).
4. Учество на меѓународната научна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката, Струмица, 2 и 3 ноември 2016 г. со реферат *„Лексичките специфичности на Македонското четвороевангелие“*

5. Учество на меѓународната научен собир „На почетокот беше збор“, Струга, 9-10 мај 2017 со реферат *„Преглед на суфиксите за образување сложени именки во македонските црковнословенски текстови“.*
6. Учество на меѓународната научна конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“, Скопје, 15-16 ноември 2017 г. со реферат на тема *„За сложенките во Македонското четвороевангелие и нивниот превод во Библијата “.*
7. Учество на Отворените денови на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје 2018 г. со реферат *„Современиот превод на сложенките од Македонското четвороевангелие (застапени во евангелието по Марко),*
8. Учество на Отворените денови на ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков“ – Скопје, 2019 г. со рефратот „*Современиот превод на сложенките од Македонското четвороевангелие (застапени во евангелието по Лука)*“.
9. Учество на Денови посветени на Благоја Корубин, Скопје, 2019 г. со рефератот „*Сложенките во Тритомниот и во Толковниот речник на македонскиот јазик“.*
10. Учество на Меѓународната конференција „Светлината на зборот“ (јазични и книжевни аспекти во поезијата на Кочо Рацин и Матеја Матевски), Велес 2019 со рефератот *„Бели мугри“ како лексикографска инспирација*“, (коавторство со Елена Јованова-Грујовска).
11. Учество на Научниот собир „Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику“, Ниш 2019 г. со рефератот *„Меѓу колоквијалното и еротското во „Сок од простата“ на Јован Павловски (осврт на лексиката)“,* (коавторство со Елена Јованова-Грујовска).
12. Учество на Меѓународната научна конференција „Седумдесет и пет години современ македонски јазик, азбука и правопис. Јазикот и стилот во творештвото на Горан Стефановски., Велес 2020 г. со рефератот „*Рациновото творештво како предвесник на современиот македонски јазик“* (во коавторство со Елена Јованова-Грујовска).
13. Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на научни истражувања (дома и надвор)“, Скопје 2020 г., во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ со реферат *Сложенките во поезијата на Петре М. Андреевски,* (во коавторство со Елена Јованова-Грујовска).

**Предавања:**

1. Блок предавања по современ македонски јазик пред наставниците во Пустец, Мала Преспа, Албанија (заедно со Снежана Велковска, Весна Костовска и Елизабета Бандиловска), домаќин Амбасадата на РСМ во Тирана, мај 2019 г.. **5 предавања х 3 (12)**
2. Предавања за црковнословенските текстови од македонска редакција на Филозофскиот факултет во Загреб, јануари 2018 г.

**Оцена за целокупната активност за избор во звањето виш научен соработник**

| **Научноистражувачка дејност** | **во земјата** | **во странство** |
|---|---|---|
| | **поени** | |
| Монграфија или научна книга | 16 | |
| Дел од монографија или научна книга | 12 | |
| Дел од лексикографски труд од национално значење | 6 | |
| Труд во „Македонистика“ | 6 | |
| Труд во „Македонски јазик“ | 6 | |
| Труд во зборник од научен собир | 8 | 3 |
| Труд во лингвистички списанија | 2 | |
| Учество на проект | 2 | |
| Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 39 | |
| Одржано предавање на покана од научна институција | | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| Промоција на научен труд/зборник | 1 | |
| Член на организациски одбор на научен собир | 1 | |
| Член на различни комисиии | 6 | |
| Учество во радио, ТВ-емисии, и др. јавни настапи | 2 | |
| Учество на I и II циклус студии | 2 | |
| **Вкупно:** | **134** | |
| | | |

**Рецензентска комисија,**

**д-р Мито Аргировски, н. сов., с. р.**

**д-р Мери Цубалевска, н. сов., с. р.**

**д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов., с. р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на**
**ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје**

**Студиска програма *Македонистика со комуникологија***

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата на македонски јазик и на англиски јазик** | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на одлуката на Научниот совет за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Кристина Тодоровска | Лексиката во творештвото на Луан Старова<br><br>The Lexis in Luan Starova’s Works | Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска | бр. 10-24/1<br>од 25.3.2021 г. |